ИНСТИТУТ ЗА УРБАНИЗАМ, СООБРАЌАЈ И ЕКОЛОГИЈА

ИН-ПУМА

URBAN PLANNING, TRAFFIC AND ENVIRONMENTAL INSTITUTE

ПЛАНСКА ПРОГРАМА

ЗА ИЗРАБОТКА НА

ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

ЗА УЗ 6, ДЕЛ ОД УРБАН БЛОК 6.1 - ОПФАТ 2
ПЛАНСКИ ПЕРИОД
2019 - 2024

ОПШТИНА ОХРИД

Konstantin Georgieski

Digitally signed by Konstantin Georgieski
Date: 2019.03.29 09:51:04 +01'00'

Makedonski Telekom CA, Bogdan Nasteski German

Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Bogdan Nasteski German
DN: c=MK, o=Makedonski Telekom, cn=Makedonski Telekom CA, ou=IN PUMA:4030991229400, serialNumber=CRT3515347, cn=Bogdan Nasteski German
Date: 2019.03.26 14:37:11 +01'00'

Borislav Josifov

Digitally signed by Borislav Josifov
DN: o=IN - PUMA DOO Skopje, c=MK, email=inpuma@t-home.mk, sn=Josifov, givenName=Borislav, cn=Borislav Josifov
Date: 2019.03.26 14:40:05 +01'00'

СКОПЈЕ, МАРТ 2019

Место:	Општина Охрид
Нарачател:	Општина Охрид
Доносител:	Општина Охрид
Предмет:	**Планска програма за изработка на Детален Урбанистички план за УЗ 6, дел од урбан блок 6.1 – опфат 2**
Извршител:	**ИН-ПУМА** Институт за урбанизам, сообраќај и екологија
Адреса:	Булевар Кузман Јосифовски Питу 19/6-9
	Поштенски фах 34, Скопје
Телефон:	2461-451 2461-571
e-mail:	inpuma@t-home.mk
Работен тим:	Богдан Настески-Герман, дипл. инж. арх Николина Шандевска, дипл. град. инж. Елена Андреева, дипл. инж. арх. м-р Тонка Андонова, дипл. инж. арх. м-р Елена Јовановска, дипл.инж.арх. м-р Емилија Лелифановска, дипл.инж.арх. Владимир Левков, дипл.сооб.инж.
Фаза:	Планска програма
Технички број:	106/2018
Датум на изработка:	Март 2019

РАБОТЕН ТИМ:

1. Богдан Настески-Герман, дипл. инж. арх
2. Николина Шандевска, дипл. град. инж.
3. Елена Андреева, дипл. инж. арх.
4. м-р Тонка Андонова, дипл. инж. арх.
5. м-р Елена Јовановска, дипл.инж.арх.
6. м-р Емилија Лелифановска, дипл.инж.арх.
7. Владимир Левков, дипл.сооб.инж.

УПРАВИТЕЛ

Борислав Јосифов, дипл. инж. арх.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Трговски регистар и регистар на други правни лица

www.crm.com.mk

Број: 0805-50/150120180059447
Датум и време: 22.10.2018 г. 12:34:25

ТЕКОВНА СОСТОЈБА

ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ	
ЕМБС:	4237447
Целосен назив:	ИН-ПУМА Институт за урбанизам,сообраќај и екологија ДОО Скопје
Кратко име:	ИН-ПУМА ДОО Скопје
Седиште:	БУЛЕВАР КУЗМАН ЈОСИФОВСКИ - ПИТУ бр.19-6/9 СКОПЈЕ - АЕРОДРОМ, АЕРОДРОМ
Вид на субјект на упис:	ДОО
Датум на основање:	14.5.1991 г.
Деловен статус:	Активен
***Вид на сопственост:**	Приватна
ЕДБ:	4030991229400
Потекло на капиталот:	Домашен
Големина на субјектот:	мал
Организационен облик:	05.3 - друштво со ограничена одговорност
Надлежен регистар:	Трговски Регистар

ОСНОВНА ГЛАВНИНА	
Паричен влог MKD:	0,00
Непаричен влог MKD:	3.710.978,00
Уплатен дел MKD:	3.710.978,00
Вкупно основна главнина MKD:	3.710.978,00

СОПСТВЕНИЦИ	
Име и презиме/Назив:	НИКОЛИНА ШАНДЕВСКА
Адреса:	БУЛ.ЈАНЕ САНДАНСКИ бр.62-3/ 10 СКОПЈЕ, АЕРОДРОМ
Тип на сопственик:	Основач/сопственик
Паричен влог MKD:	0,00
Непаричен влог MKD:	110.402,00

Број: 0805-50/150120180059447 Страна 1 од 4

Уплатен дел MKD:	110.402,00
Вкупен влог MKD:	110.402,00
Вид на одговорност:	Не одговара

Име и презиме/Назив:	АНАСТАСИЈА ДИМИТРОВА-ВЕЛКОВСКА
Адреса:	ТОМЕ АРСОВСКИ бр.38-1/11 СКОПЈЕ, КИСЕЛА ВОДА
Тип на сопственик:	Основач/сопственик
Паричен влог MKD:	0,00
Непаричен влог MKD:	110.402,00
Уплатен дел MKD:	110.402,00
Вкупен влог MKD:	110.402,00
Вид на одговорност:	Не одговара

Име и презиме/Назив:	БОРИСЛАВ ЈОСИФОВ
Адреса:	БУЛ.ЈАНЕ САНДАНСКИ бр.9-2/4 СКОПЈЕ, АЕРОДРОМ
Тип на сопственик:	Основач/сопственик
Паричен влог MKD:	0,00
Непаричен влог MKD:	2.565.955,00
Уплатен дел MKD:	2.565.955,00
Вкупен влог MKD:	2.565.955,00
Вид на одговорност:	Не одговара

Име и презиме/Назив:	БЛАГОЈА ТАГАСОВСКИ
Адреса:	АНКАРСКА бр.21/6 СКОПЈЕ, КАРПОШ
Тип на сопственик:	Основач/сопственик
Паричен влог MKD:	0,00
Непаричен влог MKD:	258.841,00
Уплатен дел MKD:	258.841,00
Вкупен влог MKD:	258.841,00
Вид на одговорност:	Не одговара

Име и презиме/Назив:	МИХАИЛ ГАВРИЛОСКИ
Адреса:	РУДИ ЧАЈАВЕЦ бр.43-4/ СКОПЈЕ, АЕРОДРОМ
Тип на сопственик:	Основач/сопственик
Паричен влог MKD:	0,00
Непаричен влог MKD:	444.389,00
Уплатен дел MKD:	444.389,00
Вкупен влог MKD:	444.389,00

Број: 0805-50/150120180059447 Страна 2 од 4

Вид на одговорност:	Не одговара

Име и презиме/Назив:	СТЕФАН КАЛАЏИСКИ
Адреса:	ДУШАН ТАСКОВИЌ бр.30 СКОПЈЕ, ГАЗИ БАБА
Тип на сопственик:	Основач/сопственик
Паричен влог MKD:	0,00
Непаричен влог MKD:	110.402,00
Уплатен дел MKD:	110.402,00
Вкупен влог MKD:	110.402,00
Вид на одговорност:	Не одговара

Име и презиме/Назив:	АЛЕКСАНДАР МЕШКО
Адреса:	ЛЕНИНОВА бр.63-2/11 СКОПЈЕ, ЦЕНТАР
Тип на сопственик:	Основач/сопственик
Паричен влог MKD:	0,00
Непаричен влог MKD:	110.587,00
Уплатен дел MKD:	110.587,00
Вкупен влог MKD:	110.587,00
Вид на одговорност:	Не одговара

ДЕЈНОСТИ	
Приоритетна дејност/ Главна приходна шифра:	71.11 - Архитектонски дејности
ОПШТА КЛАУЗУЛА ЗА БИЗНИС	
Евидентирани се дејности во надворешниот промет	
Други дејности:	Регистрирани дејности во надворешно-трговскиот промет

ОВЛАСТУВАЊА

Управител

Име и презиме:	БОРИСЛАВ ЈОСИФОВ
Адреса:	БУЛ.ЈАНЕ САНДАНСКИ бр.9-2/4 СКОПЈЕ, СКОПЈЕ-АЕРОДРОМ
Овластувања:	Управител без ограничувања во внатрешниот и надворешниот трговски промет
Овластено лице:	Управител

Број: 0805-50/150120180059447 Страна 3 од 4

ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ	
КОНТАКТ	
E-mail:	finansii.inpuma@t-home.mk

Напомена:
Во тековната состојба прикажани се само оние податоци за кои има запишана вредност.

*Видот на сопственоста се определува врз основа на својството на основачот/содружникот /сопственикот и служи исклучиво за статистички цели на Државниот завод за статистика на Република Македонија

Правна поука: Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.

Изготвил: **Овластено лице:**

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА СКОПЈЕ 1

Број: 0805-50/150120180059447

Страна 4 од 4

Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
СКОПЈЕ

Врз основа на член 16 став (2) Законот за просторно и урбанистичко планирање, Министерство за транспорт и врски издава:

ЛИЦЕНЦА

ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

НА

ИН-ПУМА Институт за урбанизам, сообраќај и екологија ДОО Скопје

(назив, седиште, адреса и ЕМБС на правното лице)

ул. БУЛЕВАР КУЗМАН ЈОСИФОВСКИ-ПИТУ бр.19-6/9 СКОПЈЕ - АЕРОДРОМ, АЕРОДРОМ, ЕМБС: 4237447

СО ДОБИВАЊЕ НА ОВАА ЛИЦЕНЦА ПРАВНОТО ЛИЦЕ СЕ СТЕКНУВА СО ПРАВО ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ, УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТАЦИИ, УРБАНИСТИЧКО-ПРОЕКТНИ ДОКУМЕНТАЦИИ И РЕГУЛАЦИСКИ ПЛАН НА ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

ЛИЦЕНЦАТА Е СО ВАЖНОСТ ДО: **06.12.2025 година**

Број: **0004**

06.12.2018 година
(ден, месец и година на издавање)

МИНИСТЕР

Горан Сугарески

Врз основа на Член 7, Член 11 и Член 16 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ", број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16 64/18 и 168/18), а во врска со изработка на **Планска програма за изработка на Детален Урбанистички план за УЗ6, дел од урбан блок 6.1 – опфат 2 , Општина Охрид** ИН-ПУМА Институтот за урбанизам, сообраќај и екологија од Скопје го издава следното:

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ НА ПЛАНЕРИ

За изработка **Планска програма за изработка на Детален Урбанистички план за УЗ6, дел од урбан блок 6.1 – опфат 2, Оштина Охрид**, технички број 106/2018, како извршители се назначуваат:

- Богдан Настески - Герман, дипл. инж. арх.
- Николина Шандевска, дипл. град. инж.
- Елена Андреева, дипл. инж. арх.
- м-р Тонка Андонова, дипл. инж. арх.
- м-р Елена Јовановска, дипл. инж. арх.
- м-р Емилија Лелифановска, дипл. инж. арх.
- Владимир Левков, дипл. сооб. инж.

Планерите се должни планот да го изработат согласно Законот за Просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ", број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), како и другите важечки прописи и нормативи од областа на урбанизмот.

УПРАВИТЕЛ

Борислав Јосифов, дипл. инж. арх.

Република Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 16 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр.199/14, 44/15), Комора на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија издава

ОВЛАСТУВАЊЕ

ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ
ОДНОСНО ПЛАНЕР, ПОТПИСНИК НА ПЛАНСКА
ДОКУМЕНТАЦИЈА

на

БОГДАН НАСТЕСКИ-ГЕРМАН
дипломиран инженер архитект

Овластувањето е со важност до: 14.09.2020 год.

Број: 0.0412

Издадено на: 14.09.2015 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

М-р Блашко Димитров,
дипл.град.инж

СОДРЖИНА

ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ 10

ГРАФИЧКИ ДЕЛ 10

ПЛАНСКА ПРОГРАМА 11

1. ВОВЕД.....12
2. плански опфат за Детален Урбанистички план за уз 6, урбан блок 6.1 – опфат 2, Општина охрид 12
3. ЦЕЛИ НА ДЕТАЛНИОТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН 14
4. СОДРЖИНА НА ДЕТАЛНИОТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН.....15
5. **МЕТОДОЛОГИЈА** 16

ГРАФИЧКИ ДЕЛ

1. ИЗВОД ОД ГУП ЗА ГРАД ОХРИД 2002-2012
2. ИЗВОД ОД ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ДУП ЗА 6-ТА УРБАНА ЕДИНИЦА
3. ИЗВОД ОД ЛУПД ЗА ГП 1 , НА КП 10902/1 , УЗ6, УБ6.1 КО ОХРИД 2
4. АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА 1:1000

ПЛАНСКА ПРОГРАМА

Согласно член 26 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), детален урбанистички план се изработува врз основа на планска програма изработена од страна на Комисија за урбанизам од страна на органот надлежен за донесување на урбанистичкиот план односно за одобрување на урбанистичко-планската документација, или од страна на правно лице со лиценца а изработување на урбанистички планови. .

Од страна на правното лице „ИН-ПУМА“ ДОО Скопје, изработена е Планска програма за изработка на **Детален Урбанистички план за УЗ 6 , дел од урбан блок 6.1 – опфат 2, Општина Охрид.**

Планската програма е изработена според Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) и Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Службен весник на Република Македонија“, број 142/15), како и другата релевантна законска и подзаконска регулатива.

1. ВОВЕД

Основа за изработка на Деталниот урбанистички план, ќе бидат одредбите од Генералниот урбанистички план на град Охрид, искажни преку Изводот на ГУП на Град Охрид 2002-2012, Ажурираната геодетска подлога, Податоците и информациите од органите на државната управа и другите субјекти како и Планската Програма изработена согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), од страна на правното лице „ИН-ПУМА" ДОО Скопје.

Согласно условите кои произлегуваат од важечкиот Гуп на град Охрид 2002-2012 кој го третира ова подрачје дефинирано како **Детален Урбанистички план за УЗ 6 , дел од урбан блок 6.1 – опфат 2, Општина Охрид**, се предлага оваа Планска програма со утврдените граници на просторниот опфат, за кој постои претходна урбанистичка документација *Измени и дополненија на ДУП за 6-та урбана единица – Охрид со Одлука бр.08-2055 од 21.02.1990г.*

2. ПЛАНСКИ ОПФАТ ЗА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УЗ 6, ДЕЛ ОД УРБАН БЛОК 6.1 – ОПФАТ 2, ОПШТИНА ОХРИД

Согласно Член 26 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), со Планската програма се утврдува границата и содржината на планскиот опфат и истата се состои од текстуален и графички дел.
Границата за конкретниот плански опфат е дефинирана со сообраќајниците на веќе одобрените соседни урбанистичко-плански документации, како и сообраќајната мрежа планирана со Генералниот урбанистички план за Град Охрид 2002-2012 и тоа:

- На **северо-запад** границата се протега по осовината на собирната ул „7-ми Ноември" и тоа од крстосницата на собирната ул.„ 7-ми Ноември" со ул.„Марко Несторoски" до крстосницата на собирната ул.„7-ми Ноември" со собирната улица „Прв градски ринг" планирана со ГУП за Град Охрид 2002-2012г.
- На **северо-исток** границата се протега по основината на планираната собирна сообраќајница „Прв градски ринг" и тоа од крстосницата со собирната ул.„ 7-ми Ноември" до крстосницата со сервисната ул.„Даме Груев"
- На **југ** границата се протега по основината на сервисната улица„Даме Груев" и тоа од крстосницата со собирната ул.„Прв градски ринг" до крстосницата со ул.„Богомилска"
- На **запад** границата на опфатот се поклопува со источната граница на опфат на соседниот план *Детален урбанистички план за 6-та Урбана заедница, дел од Урбан Блок 6.1 – опфат 1, Охрид* односно по ул.„Богомилска" која ги раздвојува овие два соседни плана.

Детално, границата на планскиот опфат е опишана креку координатите на прекршните точки и лаци и тоа :

точка	Y=7484125.6479	X=4552802.2999
точка	Y=7484105.6305	X=4552794.7232
точка	Y=7484099.1304	X=4552792.0740
испакнување	-0.0499	
центар	Y=7484018.3611	X=4552990.2464
радиус	2.140.000	
почетен агол	292	
краен агол	281	
точка	Y=7484058.2849	X=4552780.0035
точка	Y=7484062.1487	X=4552781.5040
испакнување	0.1227	
центар	Y=7484025.9475	X=4552874.7214
радиус	1.000.000	
почетен агол	291	
краен агол	319	
точка	Y=7484101.6595	X=4552809.3937
точка	Y=7484146.9466	X=4552861.8796
испакнување	0.0981	
центар	Y=7484033.3786	X=4552959.8710
радиус	1.500.000	
почетен агол	319	
краен агол	342	
точка	Y=7484175.7284	X=4552912.5788
точка	Y=7484195.2317	X=4552971.2837
испакнување	-0.0310	
центар	Y=7484040.0319	X=4552775.2913
радиус	2.500.000	
почетен агол	52	
краен агол	45	
точка	Y=7484218.3020	X=4552950.5618
точка	Y=7484297.1595	X=4552870.3547
точка	Y=7484357.4206	X=4552809.0624
испакнување	0.0243	
центар	Y=7485070.5010	X=4553510.1447
радиус 1	000.0000	
почетен агол	225	
краен агол	230	
точка	Y=7484428.9356	X=4552743.0763
точка	Y=7484681.2461	X=4552532.0473
точка	Y=7484649.4390	X=4552508.8027

испакнување	-0.1160	
центар	Y=7484560.9341	X=4552629.9097
радиус	1.500.000	
почетен агол	306	
краен агол	280	
точка	Y=7484586.1666	X=4552482.0471
точка	Y=7484223.6333	X=4552420.1816
точка	Y=7484223.1965	X=4552422.5838
точка	Y=7484221.6220	X=4552431.2421
испакнување	-0.0511	
центар	Y=7484247.4485	X=4552435.9386
радиус	262.500	
почетен агол	190	
краен агол	179	
точка	Y=7484221.2064	X=4552436.5826
точка	Y=7484221.7027	X=4552456.8065
точка	Y=7484223.1651	X=4552479.6526
точка	Y=7484223.1651	X=4552507.5498
точка	Y=7484225.5328	X=4552523.5449
точка	Y=7484229.2655	X=4552551.1373
точка	Y=7484192.5212	X=4552566.3031
точка	Y=7484193.5194	X=4552570.4058
точка	Y=7484193.5247	X=4552570.4276
точка	Y=7484205.9438	X=4552618.9365
точка	Y=7484207.6686	X=4552633.7124
точка	Y=7484209.3817	X=4552667.1093
точка	Y=7484208.1976	X=4552688.9073
точка	Y=7484205.7817	X=4552701.3191
точка	Y=7484191.5203	X=4552755.0899
точка	Y=7484188.3964	X=4552770.3820
точка	Y=7484186.7446	X=4552782.7016
испакнување	0.1015	
центар	Y=7484083.5100	X=4552773.1003
радиус	1.036.801	
почетен агол	5	
краен агол	29	
точка	Y=7484174.6226	X=4552822.5782
точка	Y=7484148.1943	X=4552811.6354
точка	Y=7484130.6427	X=4552804.3680

Според опишаните граници на **Деталниот Урбанистички план за УЗ 6 , дел од урбан блок 6.1 – опфат 2, Општина Охрид** вкупната површина на планскиот опфат изнесува: **13.9ха.**
Истата површина ќе се применува при изработка на Деталниот урбанистички план.

Плански опфат на **Детален Урбанистички план за УЗ 6 , дел од урбан блок 6.1 – опфат 2, Општина Охрид** во однос на територија на Град Охрид:

Основните предности на локалитетот се добрата местоположба, непосредната близина до центарот на градот и добрата сообраќајна поврзаност со другите делови на градот.

3. ЦЕЛИ НА ДЕТАЛНИОТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

Основната цел за изработката на **Детален Урбанистички план за УЗ 6 , дел од урбан блок 6.1 – опфат 2, Општина Охрид** произлегува од потребата за уредување на начинот на користење на просторот, како и условите за градење на градбите во рамките на предметниот плански опфат во согласност новонастанатите услови на важечкиот ГУП на град Охрид 2002-2012.
Со анализа на степенот на реализација на просторниот потенцијал и времето од изработка на претходни плански документации, единицата на локална самоуправа на Општина Охрид констатира дека е потребно да се изработи нов **Детален Урбанистички план за УЗ 6 дел од урбан блок 6.1 – опфат 2, Општина Охрид**.

Во рамките на можностите кои произлегуваат од ГУП на град Охрид 2002-2012 за пласнкиот опфат **Детален Урбанистички план за УЗ 6 дел од урбан блок 6.1 – опфат 2, Општина Охрид ,** како развоен документ ќе тежнее кон остварување и на следните цели:

ОПШТИ ЦЕЛИ
- рационално користење на земјиштето
- максимално вклопување на објектите и инфраструктурата со теренот
- оформување нов и современ урбан пејсаж
- вградување на мерки на заштита на приордата и животната средина
- почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето
- утврдување на посебните услови за градба и параметрите потребни за изградба во рамките на предметниот просторен опфат.

ПОСЕБНИ ЦЕЛИ
-Запазување во рамките на рационалноста на постојната урбана матрица.
- Овозможување на реален развој на Детален Урбанистички план за УЗ 6 , дел од урбан блок 6.1 – опфат 2, Општина Охрид
-Усогласување на уличните фронотови кон примарната улична мрежа, со формирање на улични силуети кои ќе кореспондираат со рангот на улиците.

4. СОДРЖИНА НА ДЕТАЛНИОТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

Просторот во рамките на планскиот опфат според ГУП на град Охрид 2002-2012 е планиран со следните класи на намени :

- Домување
- Домување со терцијални содржини
- Објекти од духовна култура (Цркви и Џамии)
- Површини под секундарна сообраќајна инфраструктура

Во рамките на планскиот опфат за **Детален Урбанистички план за УЗ 6 , дел од урбан блок 6.1 – опфат 2, Општина Охрид** се планира развој со предвидување на градежни парцели според следните класи на намени:

А1 – Домување во станбени куќи
А2 – Домување во станбени згради
В5 – Верски институции
Е1 – Комунална инфраструктура
Е2 – Комунална супраструктура

Покрај основната класа на намена се планираат и компатибилни класи на намени согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18)

Површината на планскиот опфат е скоро во целост изградено градежно земјиште. При изработката на Деталниот урбанистички план да се усогласат намените на просторот со новиот Генерален урбанистички план, да се преоцени парцелацијата и намените во постојните детални урбанистички планови и нивно усогласување со реалните потреби и можности кои ги нуди просторот.

5. МЕТОДОЛОГИЈА

Основа за изработка на **Детален Урбанистички план за УЗ 6 , дел од урбан блок 6.1 – опфат 2, Општина Охрид** да бидат истражните работи, ГУП за град Охрид од 2002-2012 како и останата Законска и подзаконска регулатива,.

Урбанистичкиот план да се изработи врз основа на методологијата која произлегува од одредбите утврдени со Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) и подзаконските акти кои произлегуваат од него: Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18), Правилникот за поблиската содржина, форма и начин на обработка на Генерален урбанистички план, Детален урбанистички план, Урбанистички план за село, Урбанистички план вон населено место и Регулационен план на генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработка на Урбанистичко – плански документации и Архитектонско – урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот на обработка на Проектот за инфраструктурата (Службен весник на Република Македонија, број 142/15) како и останатата релевантна законска и подзаконска регулатива.

Изработил:

_____
Богдан Настески – Герман

ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШИНА ОХРИД

Konstantin Georgieski

Digitally signed by Konstantin Georgieski
Date: 2019.03.29 09:51:37 +01'00'

КОМИСИЈА:

1. _____

2. _____

3. _____

4. _____

5. _____

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА ОХРИД

Сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште
Одделение за просторно и урбанистичко планирање, управување со градежно земјиште и недвижен имот на општината

Број: 19 – 16253/1 од 13.11.2018 год.

Генерален урбанистички план на Охрид 2002-2012

Одлука на Совет на општина Охрид бр.07-1438/2 од 30.06.2006 год.

Мерка: 1: 5000

ИЗВОД од ГУП за изработка на
Детален урбанистички план за УЗ 6, дел од УБ 6.1 – опфат 2, општина Охрид

СОДРЖИ:

1. **Графички дел:**
   - Заверена копија од графички прилог Синтезен план – Намена на земјиштето и нанесена граница на плански опфат со:
     - легенда со биланси на површините на градот – планиран развој
   - Заверена копија од графички прилог Сообраќајно решение со нивелмански план и нанесена граница на плански опфат со:
     - карактеристични профили на улици, координати и висински коти.

2. **Текстуален дел:**
   - Заверена копија од:
     - Природни погодности и ограничувања како фактор на планирањето на просторот на градот;
     - Демографски развој;
     - Домување;
     - Плански мерки за заштита на животната средина;
     - Плански мерки за заштита на природното богатство;
     - Насоки и плански мерки за заштита на културното наследство;
     - Духовна култура;
     - Сообраќајна инфраструктура;
     - Параметри за уредување на просторот;

Изработил:
Помлад соработник,
Биљана Анѓелоска, диа

Контролирал:
Раководител на одделение,
Татјана Стојческа, диа

Одобрил:
Пом. раководител на сектор,
Бранко Арнаудовски, диа

ГРАДОНАЧАЛНИК,
д-р Јован Стојаноски


УЗ 7
УЗ 6
7 МИ НОЕМВРИ
МАРКО ЧЕСТОРОСКИ
ПРВ ПРАЛЕСКИ РИЧЕ
ДАМЕ ГРУЕВ
ДИМИТАР ВЛАХОВ
ПАРТИЗАНСКА
ВАНЧО ЛИПОВ
ДО
ДГ
ЗВ
СР
ЕЛС
ППС
ЗП
ФНС
СП.Р.ПЛ.КС
СД
ИА
ЛЦ
9.1
9.2
9.3
10.1
6.1
6.2
2.3
2.5
7

1. ДОМУВАЊЕ

ДО - ДОМУВАЊЕ

- ДОМУВАЊЕ СО ТЕРЦИЈАЛНИ СОДРЖИНИ

2. ОПШТЕСТВЕН СТАНДАРД

- ДУХОВНА КУЛТУРА - ЦРКВИ И ЏАМИИ

6. СООБРАЌАЈ И СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА

- УЛИЦИ И ТРОТОАРИ

7. ГРАНИЦА

- ГРАНИЦА НА УРБАНИ ЗАЕДНИЦИ

- ГРАНИЦА НА УРБАНИ БЛОКОВИ

- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДУП

ЛЕГЕНДА НА ОЗНАКИТЕ

1. ДОМУВАЊЕ

ДО - ДОМУВАЊЕ


7.МИ НОЕМВРИ
МАРКО НЕСТОРОСКИ
ПРВ ГРАДСКИ РИНГ
ДАМЕ ГРУЕВ
ЈАНЕ САНДАНСКИ
ДИМИТАР ВЛАХОВ
ПАРТИЗАНСКА
БУЛЕВАР
УЗ 7
УЗ 6
УЗ 3
УЗ 2
УЗ 1
AT

СОБИРНИ УЛИЦИ



С3 (Булевар Асном,"Пирин Планина","Прв Градски Ринг","7.ми Ноември")

СЕРВИСНИ УЛИЦИ - КАРАКТЕРИСТИКИ

ознака	*Назив*	*Коловоз*	*Тротоар*	*Вкупно*
СЕ 6.1	Даме Груев	6.00	2x2.25	10.50

КООРДИНАТИ И ВИСИНСКИ КОТИ

Т	Х	У	Кт	Кн
3	7483795.62	4552617.98	699.70	699.90
4	7484149.37	4552407.51	699.00	699.20
42	7484297.16	4552870.35	703.80	704.20
43	7484681.40	4552531.92	704.58	704.80
44	7484195.62	4552972.45	703.85	704.00

ПРИМАРНА СООБРАЌАЈНА МРЕЖА

РАДИУС НА МОЖНО ЛОЦИРАЊЕ НА БЕНЗИНСКИ СТАНИЦИ

НАПОМЕНА:
Поради тоа што теренот е равен, одводнувањето на атмосферската вода не може да се врши со надолжни падови на сообраќајниците. Затоа истите ќе се одводнуваат со попречни падови на сообраќајниците.

II. ПРОГРАМСКИ ПОСТАВКИ НА ИДНИОТ РАЗВОЈ НА ГРАДОТ

1. ПРИРОДНИ ПОГОДНОСТИ И ОГРАНИЧУВАЊА КАКО ФАКТОР НА ПЛАНИРАЊЕТО НА ПРОСТОРОТ НА ГРАДОТ

Валоризацијата на природните карактеристики, нивните погодности и ограничувачки фактори представуваат појдовна основа на планирањето на просторот. Во Документационата основа на планот анализирани се и валоризирани цела низа природни карактеристики, а заедничко за сите е што ниту една од нив не представува фактор на ограничување на просторниот развој на градот, но секако имаат влијание врз некои негови аспекти. Исклучок претставуваат изворите на брдото Бејбунар, регулацијата на површинските води, заштитените природни реткости – блато Студенчишта и националниот парк Галичица.

- **Рељефот, пејсажот и вегетацијата**

Градот лежи на рамен терен и на две карактеристични возвишенија - ридови на кои е Стариот град, а во последните децении се освојуваат и подножјата на планината Петрино - населбите Рача и Бејбунар. Посебно доживување е глетката на поширокото опкружување на градот: питорескните силуети на Галичица и Мокра Планина и нивните отсликувања во сините води на бисерното езеро - слика на која не може и не треба ништо да се додаде, а никако да се одземе, зашто таа слика е вечна...

- **Геолошките и педолошките карактеристики**

Геолошкиот состав на почвата не секогаш овозможува класични начини на фундирање: високото ниво на подземните води во пониските делови од градот и нестабилни милести почви во крајбрежјето и по тековите на некогашните мали водотеци, денес затрупани, бараат дополнителен стручен ангажман како на планерите на просторот, така и на проектантите на конструкцијата на планираните објекти.

Во Охридското Поле главно се сретнуваат три вида почви: дилувијални, алувијални и калливи, а педолошкиот состав на почвата на територијата на градското подрачје е главно на база на влажните алувијални и калливи почви. Калливите почви настануваат како последица на високата подземна вода и при дождливиот период кога водите се задржуваат подолго, а се делат на минералогени и мочуришни. Најголема земјоделска вредност имаат влажните алувијални и минералогените калливи почви, а мочуришните почви во локалитетот Студенчишта создаваат особен еко систем чија заштита представува императив на само за градот Охрид.

- **Сеизмолошките карактеристики**

Долината на реката Црн Дрим заедно со Охридското Езеро се смета за еден од сеизмички најактивните региони на Балканот, а во него поединисеизмички зони се познати и по катастрофални земјотреси. Тоа е и зоната на Охридското Езеро и крајбрежните терени. Во оваа зона со меридијален правец се наоѓаат и појави на сулфурни води и гасови кои доаѓаат од длабината на земјината кора. За период од последните стотина години сеизмички најактивни се јужното и источното крајбрежје на Охридската котлина, а интензитетот на

максимално очекуваните потреси е до 8 8 по МКС скалата, па дури и до 9 ??? по МКС скалата. Целокупната градба на територијата на регионот треба да биде прилагодена на овие сеизмолошки условија.

- **Климатските карактеристики**

Климата во Охридско - Струшкиот регион е изменето умерено - континентална, модифицирана во посебна клима на локалното подрачје со карактеристики условени од присуството на езерото: поконстантни температури со мали колебања и осцилации поради што летата се пријатни и топли со свежи ноќи, а зимите се студени , но слабо изразени, со исклучително ретки магливи денови, што е значајна компаративна предност во однос на голем дел од територијата на државата. Есента е потопла од пролетта и овозможува продолжување на летната туристичка сезона за најмалку еден месец. Особено освежување во жешките летни денови и вечери носи југозападниот ветар стрмец, додека северните ветрови уште повеќе ја снижуваат температурата во студениот дел од годината. Со еден збор - климатските фактори не представуваат ограничувачки фактор во развојот на градот, но треба да се почитуваат при микро лоцирањето на објектите во зоните определени со ГУП.

- **Хидрографските карактеристики**

Охридското езеро е во групата на Десаретските езера, а преку реката Црн Дрим му припаѓа на Јадранскиот слив. Со своите физиографски и биолошки карактеристики спаѓа во најатрактивните езера на светот. За билансот на водата во езерото од значење се бројните реки и рекички кои се вливаат во него, но и сублакустриските извори кои ја носат водата од порозниот варовнички масив на планината Галичица. Езерото има големи стопански потенцијали, но неговото значение во создавањето на идентитетот на целиот регион, а особено на градот Охрид, е немерливо. Реките Даљан и Рача представуваат природни граници на урбаното подрачје на градот од север и од југ, а реката Грашница во своето течение низ градската територија представува само отворен колектор на канализационите води поради што со досегашните урбанистички планови е предвидено нејзиното воведување во течението на Даљан со што ќе се елиминира загрозувањето на животната средина, а отпадните води ќе се воведат во колекторот.

- **Состојбата на животната средина**

може да се оцени како добра. Планираните инфраструктурни системи - регионалниот колектор за евакуација на отпадните води, регионалниот водоснабдителен систем, а особено проектот Заштита на Охридското езеро под патронат на Министерството за животна средина и просторно планирање се конкретни чекори кои општеството ги презема со цел да го заштити просторот на Охридско-Струшкиот регион. Освен тоа, постојат и напори за подигање на граѓанската свест преку широките акции за изготвување на локални еколошки акциони планови кои представуваат нов вид на поттикнување на акција со цел глобална заштита на животната средина.

2. ДЕМОГРАФСКИ РАЗВОЈ

2.1. Проекција на населението до 2020 година

Сознанијата за основните белези, структурните карактеристики и промени, како и динамиката на населението се неопходни при планирањето , односно урбаното организирање на населбите - како една од основните задачи на Генералниот урбанистички план.

Со помош на законитостите на демографскиот развој и утврдените тенденции и интензитетот на досегашните движења можат да се утврдат елементите за креирањето на политиката на развојот. Тоа се однесува на регулирањето на демографските текови врз процесот на урбанизација, подигање на општообразовно и културно ниво на населението, подобрување на демографско-економските белези (активитетот) и др.

Овие цели треба да се вградат во политиката на демографскиот развој кои заедно со комплементарните цели на стопанскиот и просторниот развој ќе се реализираат како определена стратегија. Во тој контекст се третираат и основните агрегати и структури на населението во овој елаборат. Согласно наведените цели и услови, дефинирани се клучните постулати при определувањето на предметните демографски структури и нивните промени. Имено, се претпоставува натамошен пораст на бројот на жители, подобрување на општостопанско ниво и други услови на општествениот и личниот стандард, подигнување на културно-образовното ниво на населението и др.
Проекција на населението и соответните структури е извршена со помош на компјутерската програма изработена од страна на агенцијата POPTECH - The Future Group International, Washington D.C. 1991. Резултатите на прогнозата се следни:

Вкупно население во градот Охрид

1994 година 41.146
2020 година 46.000

Како резултат на очекуваните промени во движењето на природните компоненти кај населението настануваат и промени на старосната структура. Тие се манифестираат во намалувањето на учеството на помладите генерации и со постојаното зголемување на учеството на постарите групи, особено зголемување на бројот на жители на работоспособна возраст.

Старосна структура на населението - 2020 година

старосни групи	%	број
0 - 6 години	9,1	4.186
7 - 14 години	11,8	5.428
15 - 19 години	7,6	3.496
20 - 60 години	57,0	26.220
над 60 години	14,5	6.670
Вкупно	**100,0**	**46.000**

Согласно порастот на бројот на вкупното население и промените на неговите структури се очекуваат промени и во структурата на домаќинствата. Тие промени, пред се, ќе произлезат од планирањето на домаќинствата и други економски и социјални фактори. Ваквите претпоставки имплицираат релативно побрз пораст на бројот на домаќинствата, од една страна, а од друга страна тренд кон постојаното намалување на просечниот број членови по едно домаќинство.

Број на домаќинства и нивната просечна големина

Година	Број на домаќинства	Просечен број членови по едно домаќинство
1994	11.440	3,5
2020	13.142	3,5

Промени во старосната структура предизвикуваат промени во работоспособниот контингент на населението. Како демографска рамка на вкупната расположива понуда на работната сила тој е значајна категорија која треба да се има пред вид при апроксимацијата на потенцијални работни ресурси. Од обемот и интензитетот на приливот на новите генерации зависи и потребата од поголем степен на активирање на работоспособни лица. Обемот на работоспособниот контингент и неговото ужество во вкупното население имаат тенденција на пораст.

Работоспособно и активно население

Година	Работоспособен контингент	Активен контингент
	% од вкупното население	% од раб. способно население
1994	65,6	67,6
2020	66,4	65,0

Почитувајќи ги досегашните движења кај основните културолошки белези на населението, можат да се очекуваат поинтензивни промени во однос на поголем опфат на децата во основните училишта, односно степен на опфатеност во граници на можното опфаќање. Исто така, се наметнува и потребата од пошироко опфаќање на идните генерации во средните училишта со соответно планско насочување од аспект на потребите на стопанството.

2.2. Прогноза на вкупното население до 2012 година

Проекцијата на демографскиот развој до 2020-тата година изготвена за потребите на просторното планирање чиј хоризонт на опсервирање е дваесет години треба да се сведе на потребите на генералното планирање чиј хоризонт е двојно пократок и во случајот е 2012-та година. Поаѓајќи од резултатите на Пописот на населението и становите во 1994 година, проценетата состојба во 2001-ата година и расположивите параметри од Проекцијата до 2020-тата година се формираат следните прогнози за очекуваниот демографски развој на крајот на планскиот перод на овој ГУП.

Вкупното население во градот во 1994 година било 41.146 жители, а проценетото во 2001-ата 42.700 жители. Ако се претпостави рамномерен раст

до 2020-тата година, годишно градот ќе се зголемува за просечно 0,50% или по 225 жители, со кое темпо во 2012 година ќе стигне до 44.500 жители.

2.3. Структура на населението по пол и возраст

Очекуваната структура на населението по старост е важна категорија во демографските прогнози според која се димензионираат популациоиите контингенти - деца, ученици, студенти , работоспособното население и др. Во недостиг на најновите податоци од Пописот на населението 2002, наредните прогнози извршени се по пат на интерполација на величините помеѓу состојбата регистрирана во 1994 година (41.146), претпоставената големина во 2001 (42.700) и прогнозираната големина во 2020 (46.000). Вкупното население на градот ќе изнесува 44.500 жители, а ќе се формира следната слика:

Структура на населението по возраст - период 1994 - 2020

Старосни групи	1994 - %	2002 -%	2012 - %	2020 - %
0 - 6 години	10,13	9,79	9,35	9,10
7 - 14 години	19,40	17,08	14,15	11,80
15 - 19 години	8,16	8,00	7,80	7,60
20 - 60 години	50,23	52,30	54,85	57,00
над 60 години	13,85	13,14	13,90	14,50
вкупно	**100,00**	**100,00**	**100,00**	**100,00**

Структура на населението по возраст - 2012 година

Старосни групи	%	број
0 - 6 години	9,35	4.160
7 - 14 години	14,15	6.310
15 - 19 години	7,80	3.470
20 - 60 години	54,85	24.400
над 60 години	13,85	6.160
вкупно	**100,00**	**44.500**

Во однос на базната 2002 година намалувањето на бројот на млади до 19-годишна возраст ќе изнесува 3,56 процентни поени, а за исто толку се наголемуваат повозрасните групи. Групата на работоспособното население на возраст од 20 - 60 години бележи раст од 2,15 процентни поени што претставува контингент од 24.400 лица од кои до крајот на овој планерски период треба да се формира група на работно-активни лица. Под претпоставка да се остварат прогнозите дека 65% од работоспособното население ќе биде активно, тоа ќе значи дека во градот Охрид во 2012 година ќе има 15.860 лица. Во Документационата основа на планот прикажана е состојбата со вработеноста во градот на крајот од 2001 ата година според која има вкупно 16.210 лица кои примаат плати, но од нив дури 1.904 лица се привремено невработени кои примаат паричен надоместок, што значи дека реално вработени се 14.306 лица. Тоа значи дека до крајот на планскиот период треба да се вработаат 1.554 лица или по околу 155 нови вработувања годишно.

До 2012 година населението ќе зголеми од 41.146 на 44.500, што значи дека ќе има нови 3.354 жители. Просечната големина на семејството од 3,5 члена нема да се менува во наредниот период, што значи дека градот ќе има нови семејства: **3.354 жители : 3, 5 жители/семејство = 960 семејства. Заедно со постојните 11.440 семејства вкупниот број ќе изнесува 12.400.**

Во однос, пак, на 2002 година кога проценотото население изнесувало 42.700 жители со 11.884 семејства, зголемувањето на бројот на семејствата до 2012 година ќе изнесува 516 семејства. За овој број нови семејства во наредниот период ќе треба да се планира нов животен простор во вид на станови и соответна ангажирана површина во рамките на опфатот на градската територија.

2.4. Дистрибуција на населението; густини на домувањето

Прогнозата на дистрибуцијата на населението по Урбаните заедници за 2012 година формирана е врз база на очекуваната динамика на развојот на секоја од 16-те Урбани заедници, а имајќи ја пред вид атрактивноста на просторот и расположивите површини. Секако, најатрактивни Урбани заедници се оние покрај езерото или во неговата близина: Стар Град, Центар, Долна Влашка Маала со ограничени расположиви површини, како и Воска, Биљанини Извори и Даме Груев во кои постојат поволни површини за нова градба. Со високи природни квалитети и слободни површини е и УЗ Гоце Делчев на благите падини на Петрино, како и УЗ Рача, но во неа присутната бесправна градба во добра мера ги девалвира природните погодности. Прогнозирањето на просторната дистрибуција на населението на градот отежнато е и со фактот дека растот на населението не оди паралелно со динамиката на станбената градба, бидејќи е констатирано дека поголемиот дел од новоизградените станови се викенд - станови.

Имајќи ги пред вид наведените околности прогнозата на дистрибуцијата на населението по Урбаните заедници е следната:

ред. број	Просторно-функционална единица -Урбана заедница	Попис 1991	Попис 1994	Проценка за 2002	Прогноза за 2012
УЗ 1.	Стар Град	2624	2634	2700	2600
УЗ 2.	Центар	3269	3220	3300	3400
УЗ 3.	Кошишта	2973	2826	2890	2950
УЗ 4.	Воска	3880	3388	3550	3600
УЗ 5.	Лескајца	1661	1430	1470	1500
УЗ 6.	Даме Груев	3568	3427	3500	3500
УЗ 7.	7. Ноември	2100	2000	2000	2000
УЗ 8.	Биљанини Извори	5099	4960	5070	5100
УЗ 9.	8-ми Септември	2279	2087	2180	2200
УЗ 10.	Горна Влашка Маала	4422	4240	4340	4400
УЗ 11.	Видобишта и Илинден	3743	3438	3510	3600
УЗ 12.	Гоце Делчев	1140	1090	1670	1400
УЗ 13.	Железничка Населба	1986	1804	1850	1950
УЗ 14.	Радоица Новичич	2053	1906	1950	2000

УЗ 15.	15-ти Корпус	1867	1790	1830	2000
УЗ 16.	Рача	959	860	890	1000
УЗ 17.	Студенчишта	-	-	-	500
УЗ 18.	Чекоштина	-	-	-	800
	Вкупно	42.060	41.146	42.700	44.500

Густината на становање, еден од најважните параметри за оценување на рационалноста во планирањето и уредувањето на просторот, представува однос помеѓу бројот на жители и просторот во границите на опфатот. Бруто густината на становање е односот на бројот на жители и вкупната површина на опфатениот простор, а нето густина на становање е односот помеѓу бројот на жители и површината наменета за домување во границите на опфатот.

Густината на становање на ниво на целата градска територија чија површина на опфатот до крајот на планерскиот период ќе изнесува 1.276,87 Ха ќе биде:

Бруто густина на становање

44.500 жители : 1.283.39 Ха = 34.67 жител/хектар

Нето густина на становање

44.500 жители : 744.64 Ха = 59.76 жител/хектар

3. ДОМУВАЊЕ

Развојот на функцијата домување во наредниот период ќе представува еден од најзначајните сегменти во просторниот развој на градот, а задоволување на станбените потреби ќе има приоритетно значење во задоволување на комплексот на човековите потреби.

Основните цели на развојот на домувањето кои непосредно произлегуваат од улогата и значението на оваа содржина во вкупниот развој на општеството во наредниот плански период подразбираат:

- квалитативно задоволување на потребите на населението согласно принципот стан за секое семејство, наголемување на просечната станбена површина по стан, подобрување на квалитетот и осовременување на станбениот фонд, елиминирање на субстандардниот станбен фонд, примена на асеизмички мерки. Норматив при планирањето на станбена површина по жител околу 20 м2 и станбена единица од 80-90 м2 по семејство
- површините за планирани урбани содржини првенствено треба да се бараат во рамките на постојното градежно земјиште, односно во постојните граници на опфатот на градот;
- рационализација на просторната организација на домувањето подразбира контролирано и лимитирано проширување на зоната за домување пред се на површините со претходните планови предвидени за оваа намена, но сеуште невоведени во планираната намена, со моментна состојба - земјоделско земјиште, при што висините на

станбените објекти да бидат примерени на големината на градот, традицијата, воспоставените добрососедски односи, инсолацијата и визурите;

- воедначување на условите за живеење во сите делови од градот преку: опремување на зоните за домување со потребните пратечки содржини, ефикасно сообраќајно поврзување со работните зони;
- запазување на особеностите на културното наследство со постепена реконструкција и ревитализација на старите делови од градот со оптимално сочувување на старите урбанистички матрици и елиминирање на субстандардот;
- еколошка ревитализација на животниот простор се постигнува по пат на: елиминација на постојни и потенцијални загадувачи во зоната за домување; примена на мерки за рационализација на моторниот сообраќај; изградба на објекти со оптимални висини; уредување на слободните површини;

3.1. Нови станови

Потребите од нов станбен фонд групирани се во три групи:

- нови станови по основ пораст на населението - од природниот прираст и од имиграција;
- станови потребни на замена на субстандардниот станбен фонд;
- станови потребни за елиминирање на станбениот недостиг, односно усогласување на бројот на станови со бројот на семејства;

Бројот на нови станови по основ пораст на населението ќе се определи ако се земе како појдовен податок бројот на новите семејства во 2012 година кој е прикажан во демографската прогноза - 960, а за секое семејство треба да се обезбеди нов стан.

Бројот на нови станови потребни за надоместување на стари, субстандардни станови ќе се утврди откако ќе се утврди вкупниот број на субстандардни станови во кои се вбројуваат:

а. сите станови градени пред 1945 година, а според Пописот на населението и становите од 1994 година тие се вкупно 788;
б. 20% од становите градени во периодот 1945 - 1960, односно 1.110 стана x 0,20 = 222 стана;
ц. 10% од становите градени во периодот 1960 - 1970, односно 2962 стана x 0,10 = 296 стана;

или вкупно 1.306 од кои 30 % во овој планерски период треба да бидат заменети со нови, односно: 1.306 x 0,30 = 400 стана

Бројот на нови станови потребни за елиминирање на станбениот недостиг нема да биде земен како критериум со оглед на фактот што според Пописот на населението и становите од 1994 година регистрирани се 11.440 семејства, а бројот на становите е 16.731. Од нив само за живеење се 12.355, за живеење и вршење дејност 325 или вкупно 12.680 , а останалите се главно викенд-станови. Тоа значи дека 11.440 семејства располагат со 12.680 стана што

представува суфицит од најмалку 1.240 стана, односно на 1 семејство спаѓаат 1,11 стана. Оваа тенденција на зголемување на бројот на станови со далеку побрзо темпо од растот на населението продолжува и во периодот до 2002 година кога вкупниот број на станови изнесува 17.761 со вкупна површина од 1.344.748 м2

Според тоа, проекцијата на потребите на градот за нови станови до крајот на 2012 година ќе биде следна:

Број на жители до 2012 година	44.500
Број на домаќинства до 2012 година	12.400
Нови станови по основ на пораст на населението	960
Нови станови како замена за субстандардни станови	400
Постојни станови во 2002 година	17.761
Постојни станови кои се задржуваат: 17.761 - 400 =	17.360
Вкупно нови станови за градба: 960 + 400 =	1.360

Планиран вкупен број станови до 2012 година: 17.360 +1.360 = 18.720

3.2. Станбен стандард

Законот за просторно и урбанистичко планирање и Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот ги определуваат планските параметри за домувањето во наредниот период, а истите се:

- 20 м2 станбена површина по жител
- станбена единица од 80-90 м2 по семејство
- целосна опременост на станот со инсталации

Состојбата на станбениот стандард во градот покажува дека веке во 2002 година се надминати препорачаните големини:

Новите станови кои ќе се градат треба комплетно да се опремат со инсталации, а посебно да се води политика на супституција на субстандардниот станбен фонд.

Ако просечната површина по еден стан се определи на 80 м2/стан, површината на новите станови ќе изнесува:

1.360 стана x 80 м2/стан = 108.800 м2

3.3. Просторна разместеност на станбениот фонд

Во планираната организација на градот Урбаните заедници и понатака остануваат просторно - административни единици. Планираните 44.500 жители дисперзирани се во 18-те Урбани заедници почитувајќи ги целите зацртани во Насоките и препораките за планирање на идниот развој:

- при изработката на урбанистичките планови површините за планирани урбани содржини треба да се бараат во рамките на постојното градежно земјиште, а исклучиво за општествено оправдани цели надвор од овие рамки на површини со бонитет од IV категорија;

- да се применат принципите на насочена урбанизација со што ќе се достигнат приближно еднакви услови на живеење и работа на целата територија;
- да се усогласат густината на населеност, изграденоста и катноста заради зачувување на принципите на хумано живеење, рационална експлоатација на просторот и урбаните содржини, а во согласност со сите видови на заштита на животната средина, како и целите набележани во Целите на просторниот развој на градот до 2012 - Програма за изработка на ГУП: покрај прифатената препорака од ПП на РМ дека за секое ново семејство треба да се планира нов стан со просечна површина од 20 м2 по член на семејство, односно 80 - 90 м2 по станбена единица, потребно е да се предвидат и мерки за елиминирање на станбениот субстандард особено во деловите на градот со поголема фраквенција на туристите (Стар Град, Кошишта, Воска, Долна Влашка Мала); зоните со бесправна станбена градба да се вклучат во планираната организација на градот така да се овозможи легализирање на постојната градба, но и дополнување со нови содржини со кои ќе се постигне повисок стандард на живеење и можност за создавање нови работни места;

Имајќи ги пред вид овие цели, но и состојбата во 2002 година, извршена е дистрибуцијата на населението, односно домаќинствата и становите во 18-те Урбани заедници:

ред. бр.	Просторно-функционална единица - Урбана заедница	станови-процена 2002	домаќинства процена 2002	станови прогноза 2012	домаќинства-прогноза 2012
УЗ 1.	Стар Град	1000	755	1020	740
УЗ 2.	Центар	1420	990	1550	1080
УЗ 3.	Кошишта	1250	790	1300	810
УЗ 4.	Воска	2000	980	2100	1020
УЗ 5.	Лескајца	650	430	680	450
УЗ 6.	Даме Груев	1650	1010	1750	1000
УЗ 7.	7-ми Ноември	790	565	800	570
УЗ 8.	Биљанини Извори	3000	1430	3200	1450
УЗ 9.	8-ми Септември	860	615	900	640
УЗ 10.	Горна Влашка Маала	1350	1180	1400	1200
УЗ 11.	Видобишта и Илинден	1050	960	1100	980
УЗ 12.	Гоце Делчев	600	400	630	400
УЗ 13.	Железничка Населба	600	520	630	540
УЗ 14.	Радоица Новичич	620	500	650	520
УЗ 15.	15-ти Корпус	620	500	670	530
УЗ 16.	Рача	300	260	340	270
УЗ 17.	Студенчишта	-	-	120	120
УЗ 18.	Чекоштина	-	-	200	200
	Вкупно	17.760	11.885	18.720	12.400

Бројот на станови во сите Урбани заедници е поголем од бројот на домаќинствата, а најголема диспропорција е забележлива во атрактивните простори покрај езерото каде станбениот суфицит се в сушност викенд-становите.

3.4. Структура на становите во 2012 година

Вкупниот број на станови во 2012 година прогнозиран е на 18.720. Најголем дел од нив се постојните задржани станови (17.360), а новите станови се превидени по основ на порастот на населението (960) и по основ на замена на постоен субстандарден фонд (400). Сликата на структурата на предвидените станови во 2012 година представена е во следната табела:

ред. бр.	Просторно-функционална единица-Урбана заедница	станови 2002 задржа-ни	станови по основ пораст на насел.	Станови за замена на субстандард	вкупно нови станови	вкупно станови во 2012
УЗ 1.	Стар Град	960	20	40	60	1020
УЗ 2.	Центар	1370	130	50	180	1550
УЗ 3.	Кошишта	1220	50	30	80	1300
УЗ 4.	Воска	1950	90	60	150	2100
УЗ 5.	Лескајца	640	30	10	40	680
УЗ 6.	Даме Груев	1630	100	20	120	1750
УЗ 7.	7-ми Ноември	780	10	10	20	800
УЗ 8.	Биљанини Извори	2970	200	30	230	3200
УЗ 9.	8-ми Септември	820	40	40	80	900
УЗ 10	Горна Влашка Маала	1320	50	30	80	1400
УЗ 11	Видобишта и Илинден	1030	50	20	70	1000
УЗ 12	Гоце Делчев	590	30	10	40	630
УЗ 13	Железничка Населба	590	30	10	40	630
УЗ 14	Радоица Новичич	600	30	20	50	650
УЗ 15	15-ти Корпус	600	60	10	70	670
УЗ 16	Рача	290	40	10	50	340
УЗ 17	Студенчишта	-	-	-	120	120
УЗ 18	Чекоштина	-	-	-	200	200
	Вкупно	17.360	960	400	1.360	18.720

4. ОПШТЕСТВЕН СТАНДАРД - ОЧЕКУВАН РАЗВОЈ

Севкупниот развој на општината во голема мера е во зависност од функциите кои директно го означуваат нивото на општествениот стандард и тоа особено системите за образование, здравство и социјална заштита, култура и физичката култура. Развиеноста на овие системи, програмирани и просторно дистрибуирани, директно ќе влијае, а во исто време и ќе зависи од идната организација на просторот на општината и населбите во него. Во контекстот на ова, мрежата на објектите од општествениот стандард треба да се третира како една од битните претпоставки на идниот севкупен развој на општината и на градот. Со оптималната разместеност на објектите од општествениот стандард во градот треба да се формира мрежа која рамномерно ќе го покрива просторот на градот задоволувајќи секое гравитациско подрачје, а во склад со критериумите и нормативите за секоја дејност поодделно.

4.1. Образование

но дека е нужно намалување на нивните профили и прилагодување на реалните потреби на градот не само за задоволување на сообраќајот во движење, туку и на сообраќајот во мирување.

Поради тоа најголем дел од собирните улици се предвидуваат со профил од:

- коловоз -2 х 3,25 + 2,5м = 9,00 м од кои се две возни траки по 3, 00 м и една трака за подолжно паркирање
- тротоари - 2 х (2,00 + 1,50) м = 2 х 3,50 м во која ширина ќе се постават дрвореди и ќе се одбележи возна велосипедска трака
- или вкупен профил од 16,00 м

5. **сервисните улици да се третираат како дел од примарната улична мрежа имајќи ја пред вид нивната улога во формирањето на урбани блокови или урбани модули - основни просторни целини во организацијата на градот;**

Оваа препорака е почитувана и во примарната улична мрежа се интегрирани дел од сервисните градски улици. Нивните профили се главно акцептирани од постојните детални планови, а ако такви не постојат, постојните улични профили се предвидени да се прошират така да бидат унифицирани со планираните. Треба да се нагласи дека во текот на изработката на детални урбанистички планови трасата и профилот на овие улици можат по по потреба и да се менуваат.

9. ПЛАНСКИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Извор: Просторен план за Охридско-Преспанскиот регион 2005-2020

Основа при дефинирањето на планските мерки се две начела: усогласувањето и имплементацијата на Европското законодавство (конформизам) и конкретно организирање и спроведување на активностите (перформанси).

Конформистичкото начело има за цел поставување и реализирање на стандарди за управување со животната средина дефинирани со Европското законодавство; од друга страна, организирањето и спроведувањето се однесува на воспоставување на ефикасна институционална поставеност за поддршка на усогласувањето и спроведувањето на стандардите за живота средина. При реализирањето на овој процес треба да се изнајде модус што ќе ги поврзе целите на економскиот развој со оние зацртани во животната средина.

Мерките за заштита и унапредување на животната средина, утврдени со планските документи за животната средина, се усогласуваат со мерките определени со стратешките, планските и со програмските документи во областа на регионалниот развој, образованието и науката, стопанските дејности кои се засноваат на користењето на природните богатства, транспортот, телекомуникациите, туризмот, просторното и урбанистичкото планирање и користењето на земјиштето.

Во наредниот текст се презентирани политиките за заштита на животната средина според медиуми за наредниот плански период, засновани врз националните политики.

9.1. Управување со квалитет на воздух

Основна цел во секторот на управување со квалитет на воздухот е подобрување преку намалување на емисиите на основните загадувачки супстанции од релевантните сектори. За да се следи успешноста во постигнувањето на оваа цел локалните власти треба да усвојат индикатори кои ќе бидат предмет на постојан мониторинг.

Индикатори:

Годишни емисии на основните загадувачки материи CO_2 (закиселување/зимски смог), NOx (летен смог/озон), VOC, NH_3, O_3 (смог), CO (квалитет на урбаниот воздух) и честички, споредени со референтни вредности (т.е. вкупни емисии за 2004 година, доколку постојат податоци). Со исполнувањето на оваа цел, вкупните емисии треба да се намалуваат секоја година во однос на референтната година.

Постигнувањето на оваа цел во многу нешта ќе зависи од состојбите во индустрискиот сектор, пред се од економскиот развој во транзиционите услови, како и од успешноста на спроведувањето на процесот на издавање на интегрирани еколошки дозволи за А и Б инсталациите, согласно усвоениот план.

9.2. Управување со квалитети на води

Интегрираното управување со водите треба да биде засновано на принципите на одржлив развој, преку воведување на практика на управување со речен слив. Во Охридско-Преспанскиот регион овој принцип треба да биде сфатен пошироко, односно најмалата просторна единица за воспоставување на организирано управување со водите треба да бидат сливните подрачја на езерата. Како предуслов за ова е усвојувањето на Законот за води и определување на институционална структура за управување со овие две сливни подрачја, како и дефинирањето на улогата на локалните власти и нивните надлежности. Основа за управувањето со квалитетот со води во Охридско-преспанскиот регион ќе биде Стратегијата за управување со квалитет на води што се планира да биде изготвена. Нареден чекор ќе биде изработка на одделни планови за управување со квалитет на води на ниво на речен слив, односно во случајот на Охридско-Преспанскиот регион ќе се прават планови на ниво на сливно подрачје на езеро. Во наредниот период ќе се продолжи со активностите за заштита на двете езера што се поддржуваат од страна на интернационални донатори.

Доопремувањето на подрачјето со комунална инфраструктура ќе биде предуслов за понатамошно надградување и/или реконструкција на постојните пречистителни станици, се со цел усогласување на нивната работа со стандардите на Директивата за води.

9.3.Управување со квалитет на почви

Генерална цел во овој сектор е подобрување на состојбата со почвата во насока на нејзино одржливо користење преку намалување на ерозијата, контаминацијата и другите видови на деградација на почвите.

Имајќи предвид дека не постои систем за управување со квалитетот на почвата, пред се не постои утврдени систем на индикатори кои би се следеле преку соодветен мониторинг, во оваа област предстои голем обем на мерки што ќе треба да се превземат пред се на национално, а потоа ин а локално ниво.

9.4. Управување со цврст отпад

Постојната состојба во управувањето со цврстиот отпад во Македонија може да се карактеризира како субстандардна, неефикасна и попречувана од сериозни организационаи и технички дисфункционалности, со многу негативни ефекти врз животната средина и човековото здравје. Со намера да се тргне во вистинска насока, во рамките на Националниот план за управување со цврст отпад се поставија стратешки цели базирани врз идентифицираните проблеми.

Во Охридско-Преспанскиот регион прашањата од областа на управување со отпадот треба да се решаваат на повеќе начини и тоа:

Подобрување на ефикасноста на постојните претпријатија што вршат услуга во делот на постапувањето со отпадот

Проширување на услугата во руралните подрачја

Затварање на постојните мали диви депонии создадени од населението и примена на санкции врз несоодветно депонирање

Основање на меѓу-општинска соработка со цел воспоставување на регионални интегрирани системи за постапување со отпадот (со оглед на лимитот од 100 000 жители кои треба да поддржат исплатливост на инвестицијата и да ги покријат работните трошоци на постројките во рамките на регионалните системи, пред се санитарните депонии)

Подобрување на наплатата на надоместоците од страна на граѓаните

Исто така, неопходно е итно затворање/рекултивација на напуштените региони од охридската депонија, поради потенцијална опасност за површинските води во близина. Не е предложено целосно затворање на целата депонија, поради недостаток на било каква алтернативна опција за депонирање на отпад. До изградбата на (регионална) санитарна депонија постојнита депонија може да се користи.

9.5.Природа и биодиверзитет

Причините за губење на биодиверзитетот се следните:

Несоодветни и недоволни активности за спречување на загадување од индустријата, енергетиката, земјоделството, туризмот, транспортот и друга линиска инфраструктура

Фрагментација на природните хабитати и нарушување на природните коридори за миграција на видовите

Просторното планирање може значително да придонесе кон надминување на овие проблеми со цел зачувување и унапредување на биодиверзитетот во Охридско-Преспанскиот регион со дефинирање на оптимална намена на користење на земјиштето во природните и полу-природните екосистеми.

Природните екосистеми се зачувани (или треба да бидат зачувани) во заштитените простори. Согласно рангот и категоријата на заштита во овие простори треба да се одржуваат пропишаните режими.

9.6. Управување со бучава

Во Охридскиот регион изворите на создавање на бучава не се од таков вид да овој проблем во животната средина претставува значителна закана за здравјето на луѓето, односно, и покрај недоволната опфатеност со мониторинг на бучавата, се смета дека бучавата не ги надминува дозволените стандарди. Сепак, како и во другите урбани центри, потребно е на заштитата од загадување со бучава да се посвети внимание,

9.7. Управување со индустриското загадување

Единствен и ефикасен начин да се спречи индустриското загадување е издавањето на интегрирани еколошки дозволи за спречување и контрола на загадувањето. Индустриите ќе бидат навремено информирани за активностите што ќе треба да ги спроведат со цел добивање интегрирани дозволи. На оваа постапка ќе подлежат како постојните индустриски капацитети, така и сите планирани, со тоа што постапката ќе биде различна во однос на периодот во рамките на кој објектите и инсталациите ќе треба да се усогласат со стандардите што ќе бидат дефинирани во дозволата, што ќе биде предмет на договор помеѓу Министерството за животна средина и поединечните индустриски капацитети.

Секоја индустрија што ќе биде евидентирана како носител на интегрирана дозвола, без оглед на тоа дали спаѓа во А или Б групата, ќе биде одговорна за примена на најдобрите расположливи технологии со цел да се спречи или минимизира загадувањето врз сите медиуми. Ова се однесува и на постапувањето со отпад, како и за понесувањето на одговорноста за рекултивација на било кое земјиште кое престанува да се користи за било какви цели.

9.8. Заклучок

Управувањето со животната средина е сложен процес што има за задача да овозможи одржлив развој. Ресурсите што во Охридско-Преспанскиот регион имаат извонредно значење, како на локално / регионално, така и национално значење се пред се ресурсите на езерата посматрани како сливни подрачја, заштитените подрачја со извонредни природни потенцијали, шумските предели на планините и квалитетното земјоделско земјиште.

Пред отпочнување на било каква иницијатива за реализирање на проекти од поширок обем (зони за туризам, стопанство, инфраструктура и с л.) секогаш е потребно да се направат претходни анализи од страна на локалните власти, особено во сферата на техничката издржаност на проектите, како и можноста за нивно финансирање, како на инвестицијата, така и на трошоците за нивно одржување.

Во таа насока, анализите секогаш треба да ги содржат следните елементи:

1. Оценка на техничкото решение
2. Финансиски анализи
3. Економски анализи
4. Социо-културни анализи
5. Институционални анализи

Интегралната заштита во сливовите на езерата е основна цел при управувањето со животната средина. Конфликтите помеѓу различни функции и намена на користењето на земјиштето и активности што се евидентни (концентрација на услуги и лесна индустрија покрај регионалните и магистралните патишта, несоодветно зонирање на туристички објекти покрај езерата и недоволно користење на овие капацитети, појава на несоодветно депонирање на отпад, проблемите со ерозивниот нанос од река Сатеска, неконтролирањето на испуштање и др.) секогаш треба да се решаваат со изработка на планска документација од понизок вид, пејсажни планови или физибилити студии, при што претходно наведените анализи треба да придонесат кон разрешување на овие конфликти.

10. ПЛАНСКИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ПРИРОДНОТО БОГАТСТВО
Извор: Просторен план за Охридско-Преспанскиот регион 2005-2020

За избраните и разврстените подрачја и објекти во заштитени групи изработени се рамковни предлози на режими на заштита. Режимот за заштитените подрачја или објекти претставува список или опис на сите дозволени, условно можни и недозволени зафати, кои можат посредно или непоштедно да влијаат на состојбата на заштитеното подрачје или објект.

За заштитените подрачја со претходниот Закон за заштита на природните реткости и со новиот Закон за заштита на природата се предвидени четири степени на режим на заштита, кои се градирани во однос на строгоста на заштитните потфати:

1. зона за строга заштита
2. зона за активно управување
3. зона за одржливо користење
4. заштитен појас

10.1. Видови на режими на заштита

Режими за користење на националните паркови

I степен на режим на заштита

Се применува за подрачјата кои се "природни", а тоа значи ненаселени, без стопанско искористување и без влијанија на човекот. Пределите за кои би важел овој режим целта треба да биде да се зачуваат во што понедопрена состојба. Во нив треба да биде заштитена целокупната жива природа и сите природни процеси да се одвиваат без влијание на човекот.

Подрачјата со најстрог режим на заштита главно имаат културна и научна вредност како делови на дивината. Покрај тоа тие имаат уште и еколошка функција (прибежиште за животини и растенија), студиско истражувачка (објект за природонаучни истражувања) и рекреативна функција (доживувањево првобитна, релативно неизменета природа).

Се разбира, дека површините под овој режим на заштита имаат исто така и други функции, на пример да служат како заштитни шуми за водни резерви и сл.

II степен на режим на заштита

Овде доаѓаат во предвид ненаселени подрачја кои не се толку погодни за стопанско искористување (пасишта, планини, ограничени подрачја за лов и риболов и.т.н.), но кои имаат добро истакнати природни состојби. Ваквите простори во најголем број од случаите се наоѓаат во високопланинските подрачја за кои би одговарал вториот степен на режим на заштита. Овие простори имаат ограничена стопанска функција и тие се значајни како зони на мирот, како засолништа на животни и како погодни делови за рекреација без технички справи (пешачење, алпинизам, скијање и т.н.). Подрачјата со II степен на режим на заштита заедно со зоните за кои важи најстрогиот вид на заштита, ја чинат сржта на паркот. Тие, исто така, наменети се и за научни истражувања а имаат и стабилизаторска улога во екологијата на пределот (заштита од ерозија и одронувања, резервати за вода за пиење и т.н.).

III степен на режим на заштита

Важи за прометно достапни, главно селско стопански и шумски подрачја, кои можат да бидат населени. На подрачјата за кои би важел овој режим при добри селско стопански или шумски искористувања, би го зачувале културниот, аграрниот и шумскиот предел. Во однос на природозаштитното и културното значење во овој степен на режим на заштита би припаѓале подрачјата кои не би можеле веќе да се вбројат во претежно природни, меѓутоа исто така и не се толку стопански, технички и со населеност искористени.

Подрачјата со овој режим на заштита треба да бидат отворени за јавен промет, заради зачувување на природата и културата на областа (пределот). Изградбата на згради за постојано или времено живеење, како и изградбата на комуникации, треба да биде ограничена за потребите на стопанското и шумското искористување како и за туристичко-

рекреативните дејности кои се поврзани со слободната природа. Овие предели би биле наменети исто така и за дневна рекреација на туристите.

***IV* степен на режим на заштита**

Одговара за времени или постојано населени места кои пред сé имаат селско-стопанска намена. На овие површини треба да биде ограничен развојот на сите оние дејности кои негативно влијаат на екологијата на областа и на нејзиниот изглед.

Овој заштитен режим дозволува постоење и развој на населби, објекти и поставување на справи (технички помагала) потребни за економско успешен развој, меѓутоа за нивното распоредување, големина и густина треба посебно да се внимава и постојано да се ускладува со расположивите природни можности како и со начелата на обликување и заштита на природата и културата на пределот. Заради зачувување и подобрување на животните услови на населението кое живее на овие простори, на подрачјата кои се опфатени со овој заштитен режим, покрај земјоделството, шумарството и туризмот исто така треба да се развиваат и оние стопански или нестопански дејности кои не ги загадуваат воздухот, водата или почвата и кои не влијаат на изгледот на пределот и кои се во склад со соодветната туристичко-рекреативна функција на просторот.

Режим на заштита за хидролошки споменици

О г р а н и ч у в а њ а:

Со правилата е забрането:

- секакво загадување на водата (на пр. да се испуштаат технолошки одпадни води, течни отпадоци, канализациски води и тн.),
- да се искористуваат хидроенергетски (на пр. градење на брани, собирни езера за протечни, деривациски или прецрпни електрани, да се градат други разни хидроенергетски објекти и т.н.),
- да се менува природната температура на водата (на пр. при употреба на водата за ладење на енергетски или индустриски објекти),
- секоја друга промена на составот на водата (на пр. промена на ph, на количеството на органски или неоргански растопени но цврсти во водата материи),
- менување на водниот режим (на пр. времено или стално одземање или додавање вода),
- поголеми регулациски градежни работи (на пр. промена на насоката, обликот или длабочината на коритото, градење на прагови, утврдување на бреговите со зидани или бетонски насипи, градење на водени пречки и т.н.),
- да се градат градби од сите видови на брегот или во непосредна близина на брегот (на пр. станови или викендици, туристички објекти, стопански градби, паркиралишта),
- да се ограничи пристапот до водата доколку тоа не е од заштитни причини или за заштитата на обработливите површини во близина (на пр. огради, долови и други пречки и т.н.),

- фрлање или пуштање на сите видови отпадоци во коритото, на брегот или во непосредната близина на водата,
- возење со моторни чамци (освен со електрични мотори на акумулатор или друг вид еколошка енергија),

По исклучок и по претходна согласност на соодветната служба за заштита можно е:

- да се градат патишта, мостови и инфраструктурни објекти на потесното подрачје на хидролошкиот објект односно водниот тек,
- да се менува крајбрежната вегетација (на пр. да се проредуваат и сечат дрвја и грумушки, да се засадуваат бреговите и т.н.),
- да се одзема спруд, песок или калиште од крајбрежјето, спрудиштата или од дното на коритото, помали регулациски, градежни работи (чистење на дното на определени делови и т.н.),

Забелешка:

Наведените ограничувања не важат за постојната состојба која можеби не е во склад со заштитниот режим освен ако тоа не е во одделни примери наведено.

10.2. Заштита на природата - заштита на биолошката и пределската разновидност и заштитата на природното наследство

Заштитата на природата подразбира активности, мерки и режими за зачувување, унапредување и користење на природните добра на сите нивоа на општествените интереси. Тргнувајќи од концептот за траен развој базиран на заштитата на необновливите и рационално користење на обновливите ресурси се оценува дека заштитата на природата претставува средство за остварување на специфичните програми за развој.

Со планските определби до 2020 год. е предвидена заштита на простор со особени природни вредности со површина од околу 48.677,53 ха или 25.87% од вкупната површина на регионот кој е предмет на разработка 188117,00ха.

За заштита, покрај постојните 11 заштитени објекти со републички акт, односно решение, (Охридско Езеро, Преспанско Езеро, Галичица, Езерани, Калојзана, Непретка, Рупа, Македонски Даб, Платан-Чинар, Платан и Вевчански извори) со вкупна површина од 48028,10 ха., предвидени се и други простори и тоа: за научно-истражувачки природни резервати се предложени објектите Осој, Голем Котел, Кула, Остров Голем Град, со површина од 551 ха, како посебен природен резерват е предложен Студенчишта со површина од 30 ха, и за споменици на природата предложени се вкупно 13: Дабови стебла, Ела, Костен, Леска, Лесковечка Пештера, Острово, Пештера Самоска Дупка, Пештера Јаорец, Платан, Вевчанско Езеро, Ела, Платан и Подгоречко Езеро, со вкупна површина од 68.43х.

Табела: Заштитени објекти

забелешка: категоризациите се по стар закон:

НП-национален парк,

Присутни се негативни појави од антропогени дејствија: диви депонии, дивоградби, насипување на делови од крајбрежието со градежен шут. Треба да се превземат ригорозни мерки за спречување на присутните деградации. Има 2-ри, 4-ти, 5-ти и 7-ми режим на заштита и меѓународен статус III по IUCN.

11. НАСОКИ И ПЛАНСКИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

Извор: Просторен план за Охридско-Преспанскиот регион 2005-2020

11.1. Планирање на заштитата на недвижните културни добра

Со планирањето на заштитата на недвижните културни добра, како неделив дел на планирањето на севкупниот општествен развој и како составен дел и обврска на општествено - политичките заедници во процесот на општественото, просторното и урбанистичкото планирање, во рамките на општествените, просторните и урбанистичките планови, како и плановите за посебна намена, се остварува општествената политика во оваа област, а особено се утврдуваат задачите, решенијата и мерките кои треба да се преземаат со цел за правилна заштита, презентација и користење на културните добра.

Со плановите и програмите за општествено-економскиот развој, општествено-политичките заедници ги утврдуваат смерниците на развојот и развојната политика на дејноста заштита на недвижните културни добра.

Во сите фази на изработката на просторните и урбанистичките планови од секој вид и ниво задолжително е дефинирањето на односот кон културните добра врз основа на изработени конзерваторски основи според видот на планот.

Документацијата за изработка на просторните и урбанистичките планови задолжително содржи и документација за постоечката состојба на културните добра на подрачјето за кое планот се изработува и донесува.

Документацијата за културните добра содржи особено: општествени, општествено - економски и културно - историски услови за развој на подрачјето за кое се изработува планот; попис на културните добра во кој посебно се наведува утврдената категоризација и режим за заштита, како за прогласените културни добра така и за оние за кои се предлага прогласување; состојба, загрозеност и причини за загрозеност на културните добра на подрачјето за кое се изработува планот.

Документацијата за културните добра се изработува во текстуална форма и графички прикази во обем и мерка кои одговараат на нивото на планот.

Во просторниот и урбанистичкиот план, врз основа на документацијата за културните добра, задолжително се утврдуваат: смерници за заштита на поедини културни добра и нивни целини; режим за заштита на поедини културни добра и нивни целини; посебни услови во согласност со Конвенцијата за заштита на културните добра во случај на вооружен судир.

Смерниците за заштита на поедини културни добра, односно нивни целини може да содржат и одредби за потребата од изработка и донесување на подетални планови (просторни и урбанистички планови за посебна намена,

урбанистички проекти, проекти за санација односно реконструкција на поедини објекти и целини и сл.) за поедини културни добра, односно нивни целини.

За културните добра од особено и големо значење, се изработуваат просторни и урбанистички планови со посебна намена кои, покрај останатата документација, содржат и програми за санација, реконструкција, презентација и користење на културното добро за кое се донесува планот.

Носителите на изработката на планот за посебна намена или друг детален план за одредено културно добро, должни се да обезбедат планот да биде во согласност со просторниот и урбанистичкиот план за поширокото подрачје. Доколку решенијата во планот за посебна намена или во другиот детален план се во спротивност со планот за поширокото подрачје, се покренува постапка за изменување на планот на поширокото подрачје.

Во изработката на просторните и урбанистичките планови задолжително соработува стручната организација за заштита на недвижните културни добра.

Просторните и урбанистичките планови за посебна намена и други детални планови за културните добра ги изработуваат за тоа овластени стручни организации за заштита на недвижните културни добра, во соработка со организациите за просторно и урбанистичко планирање.

Надлежните републички органи, во согласност со општата методологија за изработка на просторни и урбанистички планови, ќе утврдат посебна методологија во планирањето на културните добра.

11.2. Плански насоки за заштита на културното наследство

Републиката ќе обезбедува трајни извори на финансиски средства за заштита, уредување и одржување на културните добра кои се од општ интерес и уживаат посебна заштита и со своите мерки и активности ќе создаваат услови за вклучување на сите заинтересирани субјекти во заштитата и зачувувањето на овие добра, во согласност со плановите за уредување и заштита на културните добра.

Републиката особено ќе ја потикнува научно - истражувачката работа во областа заштита на културните добра и соработката на стручните организации за заштита на културните добра со научните институции и организации во областа на природните и општествените науки.

Посебна обврска на надлежните републички органи и стручните организации за заштита на културните добра е спроведувањето на меѓународните ратификувани документи за заштита на културните добра. Во спроведувањето на меѓународните документи за заштита на културните добра, преку национални комитети ќе се соработува со меѓународните невладини организации за поедини области на заштитата на културните добра.

Во согласност со наведените одредби, треба да се усогласат законските прописи во областа на заштитата на културните добра и областа на општественото планирање.

Посебно внимание треба да се посвети на усогласувањето на законските прописи и извршни акти во другите законодавни области со прописите во областа на заштитата на културните добра и општественото, просторното и урбанистичкото планирање, а особено со даночните, царинските и градежните прописи, како и прописите од областа на управувањето со станбените и административни објекти.

Во случај кога со примена на градежните прописи и нормативи, односно нормативи од прописите за управување со станбените и административни објекти се оневозможува или отежнува презентацијата на изворната состојба на културните добра, треба да се предвидат соодветни отстапувања од тие прописи.

11.3. Обврски од Конвенцијата за заштита на светското природно и културно наследство

Како културно наследство, за потребите на оваа Конвенција, се подразбираат:

Споменици: дела на архитектурата, монументални вајарски или сликарски дела, елементи или структури од археолошки карактер, множества и групи на елементи кои имаат извонредна универзална вредност од историско, уметничко или научно гледиште;

Групни зданија: групи на изолирани или поврзани градби, кои по својата архитектура, единство или вклопеност во пејсажот претставуваат извонредна универзална вредност од историска, уметничка или научна гледна точка;

Знаменити места: дела создадени од човекот или комбинирани дела создадени од човекот и природата, како и зони, вклучувајки ги тука и археолошките наоѓалишта, кои се од универзално значење од историска, естетска и етнолошка или антрополошка гледна точка.

Република Македонија, како членка на оваа Конвенција, е должна да ги утврди и разграничи разните културни добра (претходно споменати), кои се наоѓаат на нејзината територија.

Република Македонија, како членка на оваа Конвенција, признава дека првенствено во нејзина должност спаѓа пронаоѓањето, заштитата, конзервирањето, популаризацијата и пренесувањето на културното наследство, кое се наоѓа на нејзината територија, на идните генерации.

Република Македонија, како членка на оваа Конвенција, ќе настојува, по можност:

- да усвои општа политика насочена кон тоа, на културното наследство да се даде одредена функција во животот на заедницата и заштитата на тоа наследство да се вклучи вопрограмите на општото планирање;
- да се формира, доколку сеуште не се формирани, една или повеќе служби за заштита, одржување и ревалоризирање на културното наследство, кои ќе имаат на располагање соодветен кадар и средства како би можеле да ги извршат поставените задачи;

- да развива научни и технички проучувања и истражувања, како и да усоврши такви методи на работа врз основа на кои државата ќе може да се спротистави на опасностите кои го загрозуваат нејзиното културно наследство;
- да презема соодветни законски, научни, технички, административни и финансиски мерки кои се потребни за пронаоѓање, заштита, одржување, популаризација и обновување на тоа наследство;
- да работи на воспоставување на национални или регионални центри за обука на полето на заштитата, одржувањето и популаризацијата на културното наследство и на стимулирање на научните истражувања на тоа поле.

Врз основа на предлогот на Република Македонија од 1979 година (тогашна СР Македонија), како културно и природно наследство од извонредно висока универзална вредност, во Списокот на светското наследство е запишано: "Охридскиот регион со неговите културни и историски аспекти и неговата природна околина".

За заштита на ова подрачје, нашата земја може да побара меѓународна помош од Комитетот на светското наследство при УНЕСКО, која се состои од:

- Студии за уметничките, научните и техничките проблеми кои ги бара заштитата, одржувањето, популаризацијата и рехабилитацијата на културното и природното наследство;
- Служба на стручњаци, техничари и квалификувани работници за да се обезбеди точно изведување на усвоен проект;
- Оспособување на стручњаци на сите нивои во областа пронаоѓање, заштита, конзервација, популаризација и рехабилитација на културното и природното наследство;
- Снабдување со опрема која заинтересираната држава не ја поседува или не може да ја набави;
- Заеми со намалена камата или без камата, со долг рок на отплата;
- Субвенции, во особени и посебно образложени случаеви, без обврска за отплатување.

Како обврска, во извештаите кои Република Македонија ги доставува до Комитетот за светско наследство, се наведуваат и законодавните и административните мерки кои се преземени за примена на оваа Конвенција, како и поединости од искуството стечено на ова поле.

11.4. Улогата на локалните власти во остварувањето на заштитата на културното наследство според меѓународните акти

Од мноштвото меѓународни акти што се однесуваат на прашања во врска со заштитата на културното наследство, овде ги издвојуваме познатата Амстердамска декларација од 1975 година, како клучен акт во кој во најразвиена форма е обработено прашањето за улогата на локалните власти во остварувањето на заштитата на културното наследство и

Конвенцијата за заштита на архитектонското наследсатво во Европа, од 1985 година, како единствен акт, ратификуван од нашата земја, што има задолжително правно дејство.

Во првиот документ, посебно внимание заслужуваат следните определби:

- локалните власти мора да имаат широки и јасно утврдени овластувања во поглед на архитектонското наследство;
- иднината не може и не треба да се гради за сметка на минатото;
- локалната самоуправа мора да има свои делегати што ќе бидат одговорни за сите работи во врска со архитектонското наследство;
- локалните власти треба да формираат специјални служби што би ги осигурале непосредните врски на потенцијалните објекти со нивните сопственици;
- локалните власти треба да овозможат создавање и ефикасно функционирање на организации што ќе се занимаваат со прашањата на реставрација и ревитализација;
- локалните власти треба да ја усовршат постапката за прибавување на мислења од заинтересураните страни во врска со плановите за конзервација;
- локалните власти треба да практицираат политика на вклучување на младите во работите од областа на заштитата на архитектонското наследство;
- дел од својот буџет локалните власти треба да го наменат за зачувување на архитектонското наследство, а во таа смисла, да даваат субвенции и заеми на поединци.

Според вториот акт, Конвенцијата за заштита на архитектонското наследство, обезбедувањето на заштитата на архитектонското наследство преку просторното и урбанистичкото планирање е поставено како императив на сите нивои (чл. 10). Покрај тоа, на локалните власти им е загарантирано правото да учествуваат во механизмите за прибавување на информации, консултации и соработка со државните органи (чл. 14).

11.5. Цели и плански мерки за заштитата на недвижните споменици на културата во планскиот период до 2020 година

Планирањето на заштитата на недвижното културно наследство е нераскинлив дел на планирањето на економскиот, социјалниот и просторниот развој на одделни подрачја и земјата во целина, а во тие рамки и на просторното и урбанистичкото планирање.

Со планирањето на заштитата на недвижното културно наследство во просторните и урбанистичките планови се утврдува долгорочната политика на просторниот развој на државата и локалната самоуправа во оваа област.

Најголем број на *целите* дадени во планот се однесуваат на третманот и заштитата на културното наследство во плановите од пониско ниво, односно:

- задолжителен третман на недвижното културно наследство во процесот на изработката на просторните планови од пониско ниво: просторните планови на региони, националните паркови, на општините и на град Скопје, како и на урбанистичките планови заради обезбедување на плански услови за нивната заштита, остварување на нивната културна функција, просторна интеграција и активно користење на спомениците на културата за соодветна намена, во туристичкото стопанство, во малото стопанство и услугите и во вкупниот развој на државата;
- усогласување на методологијата, критериумите и постапката за валоризација на недвижното културно наследство, на органите и организациите надлежни за нивна заштита заради класификација, категоризација и утврдување на соодветен режим на заштита на најзначајните регистрирани и евидентирани споменици и споменични целини;
- планирање на реконструкција, ревитализација и конзервација на најзначајните споменички целини и објекти и организација и уредување на контактниот, околниот споменичен простор заради зачувување на нивната културно-историска димензија и соодветна презентација;
- измена и дополнување на просторните и урбанистичките планови заради усогласување од аспект на заштита на недвижното културно наследство.

Според Законот за просторно и урбанистичко планирање, во урбанистичките планови се утврдуваат *плански мерки* за заштита на градителското наследство.

Планирањето на организацијата, уредувањето и користењето на просторот и изградбата на градовите и населените места и другите простори предвидени за станбена и друга комлексна изградба, што е основната функција на просторните и урбанистичките планови, треба да содржи просторен аспект на заштитата на недвижното културно наследство, во активна, позитивна и афирмативна смисла.

Тоа значи дека недвижното културно наследство, без оглед дали е во прашање градителска целина или поединечен објект, како заедничко културно богатство на светот, во просторните и урбанистичките планови треба да се третира на начин кој ќе обезбеди негово успешно вклопување во просторното и организационото ткиво на градовите и населените места или пошироките подрачја и потенцирање на неговите градежни, обликовни и естетски вредности.

Законот за просторно и урбанистичко планирање и Правилникот за поблиска содржина и начинот на графичка обработка на плановите и за начинот и постапката за донесување на просторните и урбанистичките планови ("Сл. весник на РМ" " бр. 4/96, 8/96, 18/97, 18/99, 53/01, 45/02 и 51/05) пропишува обврска сите видови на просторни и урбанистички планови да содржат плански мерки за заштита на градителското наследство (спомениците на културата), а деталните урбанистички

планови и третман на спомениците на културата-градителското наследство.

Тоа значи обврска информационо-документациската основа на планот да содржи анализа и документација за постојната состојба и валоризација на недвижното културно наследство во рамките на планерскиот опфат, што претставува основа за неговата класификација, категоризација и утврдување на режимот на заштита.

Документацијата за недвижното културно наследство содржи особено:

- инвентаризација на недвижните културни добра;
- класификација на културното наследство;
- категоризација на културното наследство;
- состојба со загрозеност и причините за загрозеноста на културните добра;
- насоки за утврдување на режимот на заштита, со посебни услови во согласност со Конвенцијата за заштита на културните добра во случај на вооружен судир;
- насоки за плански третман и мерки за заштита на културните добра.

Податоците за состојбите, инвентаризацијата со класификацијата, валоризацијата со категоризацијата и насоките за режимот на заштитата на недвижното културно наследство, ги обезбедуваат надлежните стручни организации за заштита, во согласност со критериумите за вреднување утврдени со пропис, а доколку тие не се пропишани, врз основа на општоприфатените научни критериуми (научна валоризација).

Документацијата на недвижното културно наследство содржи особено и: општествено-економски и културно-историски услови за развојот на подрачјето за кое се изработува планот; попис на културните добра, во кој посебно се наведува утврдената категоризација и режимот на заштита на прогласените и предложените за прогласување културни добра (спомениците на културата); загрозеност и причини за загрозеност на културните добра.

Режимот на заштита на спомениците на културата, а во тие рамки и на недвижното културно наследство, произлегува од одредбите на Законот за заштита на спомениците на културата, според кои надлежниот државен орган или организација со решение за утврдување својство споменик на културата пропишува режим и мерки за заштита.

Режимот и мерките за заштита на недвижното културно и историско наследство, согласно споменатите закони и меѓународни конвенции се пропишуваат на начин соодветен на методологијата на планирањето на просторните и урбанистичките планови, заради што е потребна соработка со органите и организациите надлежни за заштита на културното наследство, во нивната подготовка.

Притоа како една од основните цели се поставува потребата од усогласување и утврдување на единствената методологија, критериуми и постапка за класификација, валоризација и категоризација на недвижното културно наследство.

Концептот на организација на просторната или урбаната агломерација, содржана во нацртот и предлогот на просторниот или урбанистичкиот план, од аспект на заштита на недвижното културно наследство треба да определи и утврди:

- зони за заштита на споменични целини и поединечни споменици, со диференциран режим на заштита;
- контактни зони (критичен периметар) за поединечни споменици, со кои се утврдува односот помеѓу старото и новото, со специфични услови за градба во одделни подзони;
- предлог за ревитализација на најзначајните споменички целини и споменички објекти, со предлози за нивното наменско користење и вклопување во просторната организација;
- резервирани зони за идни археолошки истражувања.

Во просторниот и урбанистичкиот план, врз основа на документацијата за недвижното културно наследство, задолжително се утврдуваат: плански мерки за нивната заштита, како и насоки за определување на режимот на заштита на одделни културни добра и нивните целини.

Во насоките за заштита во просторните и урбанистичките планови, покрај предвидување на планските мерки за заштита на недвижното културното наследство, може за одделни делови со особени културни вредности да се укаже на потребата за донесување на планови од пониско ниво, детални урбанистички планови или урбанистички проекти, како и за изработка на проекти за санација и реконструкција.

Согласно горното, Заводот За заштита на спомениците на културата Охрид изврши зонирање со контактните зони и режим за заштита.

Првата зона го опфаќа стариот дел на градот со чаршијата, плоштадот и пристаништето и е **зона на строга заштита (посебна заштита).** Границите се точно обележани во графичкиот прилог и за зоната е **предвиден режим на заштита од прв степен.**

Втората зона го опфаќа приобалниот појас од плоштадот до населбата Рача (јужно од улицата Партизанска) на исток и приобалниот појас од старото градско јадро до реката Сатеска (јужно од ул. Васил Стефоски) и се зони на ограничена заштита (гарантирана заштита). Границите се точно обележани во графичкиот прилог и за зоната е **предвиден режим на заштита од втор степен.**

Контактната зона опфаќа појас со ширина од околу 100 м и се движи околу старото градско јадро, поточно на исток, север и северозапад од јадрото. Границите се точно обележани во графичкиот прилог и за зоната е **предвиден режим на заштита од трет степен.**

Надвор од строго заштитеното јадро бројни се поединечни споменици на културата од кои некои се археолошки локалитети, а други се објекти со одредени архитектонски вредности адекватни на времето на градба на објектите.

Исто така се одбележани и **резервирани археолошки зони** кои се со **режим на заштита од прв и втор степен**, без оглед на тоа дека дел од нив излегуваат надвор од границите на опфатот на ГУП.

- **Меѓуопштински центар за социјални грижи;**
- **Хуманитарни организации**

Меѓуопштинскиот центар за социјални грижи располага со вкупна површина на локацијата од 300 м2, а вкупната изградена површина изнесува 175 м2 . Во наредниот период овој објект ќе ги задоволи потребите на дејноста и не се предвидува зголемување на неговите изградени и слободни површини.

Во хуманитарните организации за помош на социјално загрозена популација со овој ГУП третиран е само Црвениот крст на Македонија. Истиот располага со сопствен деловен, продажен и магацински простор на три локации во опфатот на градот кои ги задржува.

1.8.5. Култура

Анализите на состојбите укажуваат на тоа дека во овој планерски период е нужно да се завршат отпочнатите активности за реставрација и ревитализација на спомениците на културата и историјата - Самуиловата тврдина и Античкиот театар, но и на другите споменици на културата чија состојба бара средства и ангажман. Со нивното вклучување во културните текови градот ќе се здобие со нови квалитети кои уште повеќе ќе ја потенцираат неговата улога во културата на Републиката.

1.8.6. Духовна култура

.Во наредниот период не се очекува градба на некој поголем храм, но можна е градба на мали цркви - задужбини на поединци чие лоцирање Ќе биде предмет на ДУП.

1.9. Државна управа; локална самоуправа; правосудство

Сите органи и институции од областа на државната управа, правосудството и локалната самоуправа кои се застапени во градот сместени се во поволни локации и објекти со доволни површини и соодветен комфор и нема потреба од предвидување нови површини за оваа активност. Исклучок представува Министерството за внатрешни работи за чии потреби се предвидува комплекс во УБ 10.1. и езерската полиција на брегот на Студенчишката Река за која се планира да се оддели дел од комплексот на МНО. Потребата на Министерството за правда од нов општински затвор ќе треба да се задоволи надвор од територијата на градот.

1.10. Стопанство

- **Примарен сектор**

Оранжериите на Градинар се пренаменуваат во мултинаменски простор, а останалите субјекти класифицирани во овој стопански сектор ќе ги задржат своите локации и површини во рамките на градот, освен Рибарското

Дисперзијата на угостителските локали низ територијата на градот во основа е базирана врз економската логика на побарувачката - фреквентните простори во центарот на градот и подцентрите, крајбрежните простори во градот и туристичките локалитети и понатака ќе бидат атрактивни за оваа намена.

1.11. Специјална намена

Во површините за Специјална намена се вбројуваат парцелите и објектите кои ги користи Министерството за одбрана, а тоа е касарната со сопствениот полигон. Овој простор останува како резервен простор за иднина, како би можела оваа површина понатака се пренамени за потребите на Локалната самоуправа, односно градот-Универзитетски центар, пожарна и слични потреби, доколку се најде заеднички јазик со сегаШниот корисник на овој простор – Министерство за одбрана.

1.12. Сообраќајна инфраструктура

1.12.1. Модел на примарната уличната мрежа

Предложениот концепт на долгорочниот развој на уличната мрежа во рамките на урбаниот опфат (границите на ГУП) претставува резултат на извршените истражувања во доменот на:

- геосообраќајната положба на градот во рамките на просторот на Р. Македонија и меѓународното опкружување;
- конкретните сообраќајни врски во рамките на просторниот опфат на општината Охрид;
- функционалната структура на градот и просторна дисперзија на одделни функционални целини, природните услови, конфигурацијата на теренот и друго.

Категоризацијата на уличната мрежа дефинирана со претходниот плански документ е заменета со нова, усогласена со важечкиот закон за патишта (Сл.весник 26 /1996година). Таа е извршена врз основа на следните критериуми:

- критериумите дефинирани со законот, односно меѓусебниот однос на улиците и нивната поврзаност со екстерната патна мрежа (магистрална, регионална и локална);
- почитувањето на континуитетот во досегашното планирање во рамките на опфатот на градот и пошироко
- постојната состојба на уличната мрежа во градот (регулациона ширина и состојбата на коловозната конструкција);
- состојбата на пратечките објекти (бензински пумпи и сервиси), јавниот приградски и градски сообраќај, како и такси превоз.

Категоризацијатра на уличната мрежа во голем број случаи не кореспондира со техничките карактеристики на улиците, но планираните коридори е

нужно да се реализираат во наредниот период што е еден од основните услови моделот да функционира како замислена целина.

Системот на **примарната улична мрежа** го сочину ваат:
а. магистрални улици
б. собирни улици
в. сервисни улици
а. Магистрални улици

Магистралните улици во помалите населени места во попречниот профил може да содржат еден коловоз со најмалку по две сообраќајни ленти во насока, со или без разделно зеленило, а крстосниците се во исто ниво, со примена на меѓусебна координирана семафорска сигнализација.

Магистралните улици низ територијата на градот (Булевар Туристичка, Железничка и Бејбунар – Источна транзитна) формираат затворен прстен во кој се влегува од екстерните сообраќајници: крак на магистралниот пат М-5 (Подмоље-Охрид-Битола и понатака), регионалните патишта Р-420 (Охрид-Струга, стар пат) и Р-501 (Охрид-Св. Наум), а предвидена е и врската со источниот дел од планираниот автопат околу Охридското Езеро. Магистрални улици кои излегуваат од прстенот се: Булевар Св. Наум кон југ - кој надвор од населените места и туристичките населби преминува во регионален пат Р-501 и 15. Корпус кон север кој надвор од населените места се поврзува со новата траса на магистралата М - 5. Во организацијата на градот имаат и улога на граници помеѓу Урбаните заедници.

Предвидени се пет магистрални улици од кои три се изградени (Булевар Туристичка, Булевар Св. Наум и 15. Корпус), една е изградена делумно - со половина од планираниот профил и со еден непробиен дел (Железничка) и една треба да се гради (Бејбунар - Источна транзитна). Профилите на целосно изградените магистрални улици се задржани, профилот на ул. Железничка се планира да биде комплетиран во постојниот дел, а планираното нејзино продолжување кон исток ќе биде со нов профил, ист како кај магистралната ул. Бејбунар - Источна транзитна) , во кој коловозот е со две возни траки од по 3,50 м + 2,50 м за можно подолжно паркирање, вкупно 9,50 м и тротоари од по 3,50 м во кои ќе се одбележи велосипедска патека и ќе се засадат дрвореди.

а.1. МАГИСТРАЛНИ УЛИЦИ - КАРАКТЕРИСТИКИ

Ознака	Назив	Коловоз	Тротоар	Велосипед патека	Зеленило средно	Вкупен профил
М - 1	Бул. Туристичка	4x3,75	2x4,50	2x1,80	6,00	32,60
М - 2	Железничка Железничка	16.50 9,50	2x2,00 2x3,50	- во тротоар	- -	20.50 16,50
М - 3	Бејбунар-Ист.тр.	9,50	2x3,50	во тротоар	-	16,50
М - 4	15. Корпус	12,00	2x1,50	2x3,75	-	22,50
М - 5	Бул. Св. Наум Охридски	2x6,60	2x1,50	-	варијј.10,00	варијј26,20

б. Собирни улици

Собирните улици го дистрибуираат сообраќајот од магистралните улици кон улиците од понизок ранг - сервисни, станбени и станбени пристапи, а воедно представуваат и граници на основните територијално-административните единици - Урбаните заедници. Дел од овие улици се постојни, а поголемиот дел се планирани со поранешните генерални урбанистички планови како колекторски улици, но не се реализирани или не се реализирани со порано планираниот профил. Се настојуваше сите собирни улици да бидат со ист попречен профил: **16,00 м** - коловоз од 9,0 м од кои две возни траки од по 3,25 м, вкупно 6,50 м и една трака од 2,50 м за подолжно паркирање, а во случај на поголема сообраќајна фреквенција можно е да се со помош на соответен сообраќаен режим коловозот од 9,00 м користи и поинаку, тротоари 2 х 3,50м од кои во истото ниво велосипедска трака од по 1,50 м. Во овие тротоари се предвидуваат и дрвореди. Некои од собирните улици од објективни причини не можат да се изведат со овој профил (Кирил и Методиј, а некои со претходно донесените, а сеуште важечки детални урбанистички планови, се утврдени со поинаков профил.

СОБИРНИ УЛИЦИ - КАРАКТЕРИСТИКИ

ознака	Назив	Коловоз+зел.	тротоар	вкупно
С - 1	Бул. Македонски Просве.	2х9,00 +2,50	5,50+4,00	30,00
С - 2	7. Ноември	10,50	2х(1,50+4,25)	22,00
С - 3	Булевар АСНОМ Пирин Планина I. Градски ринг 7.Ноември	9,00 9,00 9,00 9,00	2х1,5+2х2,00 2х3,50 2х1,50+2х2,00 2х1,50+2х2,00	16,00 16,00 16,00 16,00
С - 4	Васил Стефоски	9,00	2х3,00	15,00
С - 5	Карпош Војвода	9,00	2х2,00+1,50	14,50
С - 6	Јане Сандански	9,00	3,00+2,25	14,25
С - 7	Бистрица Марко Цепенков Момчило Јорданоски Пирин Планина Петрино	9,00 9,00 9,00 9,00 9,00	2х2,25 2х2,25 2х2,25 2х2,25 2х2,25	13,50 13,50 13,50 13,50 13,50
С - 8	Кленоец Македонска Распаќе	7,50 7,50 7,50	2х2,25 2х2,25 2х2,25	12,00 12,00 12.00
С - 9	Кирил и Методиј	7,50	2х1,50	10,50
С - 10	Момчило Јорданоски Чекоштина	6,50 6.50	2х1,50 2х1.50	9,50 9.50
С - 11	Кирил и Методиј	5,50	2х1,50	8,50
С - 12	Улица - пат за Велестово	6,50	2х1,50	9,50
С - 13	Радојца Новичиќ	7,50	2х3,00	13,50

в. Сервисни улици

Оваа категорија на градски сообраќајници има задача да ги поврзеи магистралните и собирните улици со секундарната улична мрежа, која ја чинат станбени улици и пристапи. Едновремено, овие улици ги делат Урбаните заедници на помали делови - Урбани Блокови. Поголемиот дел од сервисните улици се постојни улици, дел од нив се планирани со важечките детални урбанистички планови и како такви реализирани, а во стариот дел на градот сервисните улици се пешачки улици по кои моторниот сообраќај се одвива со посебен режим (Илинденска, Гоце Делчев). Ознаките на сервисните улици во наредната табличка се состојат од : буквата СЕ (сервисна), и две бројки од кои првата го означува бројот на УЗ во која е улицата, а втората бројка е бројот на самата улица.

1.СЕРВИСНИ УЛИЦИ – КАРАКТЕРИСТИКИ

ознака	назив	коловоз	тротоар	вкупно
СЕ 1.1	Гоце Делчев	пешачка улица	-	6,00
СЕ 1.2.	Илинденска	пешачка улица	-	5,00
СЕ 1.3.	Абас Емин	7,50	2x2,25	12,00
СЕ 2.1	Кеј Маршал Тито	10,50	2,50+3,50+4,0	20,50
СЕ 2.2.	Партизанска	9,00	2x4,25	17,50
СЕ 2.3.	Димитар Влахов	8,00	3,50+2,50	14,00
СЕ 2.4.	Јане Сандански	9,00	2,25+1,80	13,05
СЕ 3.1	Гоце Делчев	8,50	2x2,00	12,50
СЕ 3.2.	И. Дудановски	7,50	2x2,25	12,00
СЕ 3.3.	Гоце Делчев	7,50	7,50	7,50
СЕ 4.1	Гоце Делчев-крак	6,00	2x1,25	8,50
СЕ 4.2.	Т. Трајчески	7,50	2x2,25	12,00
СЕ 4.4.	Никола Русински	6,00	2x1,50	9,00
СЕ 5.1	I. Градски ринг	9,00	2x1,50+2x2,00	16,00
СЕ 5.2.	Бистрица	9,00	2x2,25	13,50
СЕ 5.3.	И. Дудановски	7,50	2x2,25	12,00
СЕ 5.4.	Хаџи Мустафа	7,50	2x2,25	12,00
СЕ 6.1	Даме Груев	6,00	2x2,25	10,50
СЕ 7.1	Абас Емин	7,50	2x2,25	12,00
СЕ 8.1	Булевар АСНОМ	9,00	2x1,5+2x2,00	16,00
СЕ 8.2.	Ванчо Питошески	8,50	2x1,50	11,50
СЕ 8.3.	Стрелиште	6,00	2x1,50	9,00
СЕ 9.1.	Абас Емин	7,50	2x2,25	12,00
СЕ 9.2. СЕ 9.3	Егејска Кленоец	8,50 10.50	2x2,00 2x3.00	12,50 16.50
СЕ 10.1.	Марко Несторoски	6,00	2x2,25	10,50
СЕ 10.2.	Питу Гули	9,00	2x1.5	12.00

Во секоја зона ќе функционира системот за прибирање, селекција, предтретман,евиденција и декларација на составот, количините, тренспортот, манипулацијата и депонирањето на една санитарна депонија за инертен цврст и делумно штетен отпад.
Депонијата за градежниот отпад - шут и друг габаритен отпад определена е во локалитетот Габавци и нужно е целосно да се уреди. Таа е оддалечена 3 км од границата на градот, сместена е во природна увала со поволни природни карактеристики, а до неа треба да се изгради прописна сообраќајница.

2. ПАРАМЕТРИ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

2.1. Уредување на градот по Урбани заедници и урбани блокови

Изготвениот Генерален урбанистички план - ГУП за градот Охрид, е основен плански документ со кој се определени границите на вкупниот опфат на градот и границите на основната територијална поделба на Урбани заедници и урбани блокови.

Во Урбаните заедници, односно во Урбаните блокови, извршено е зонирање според содржините во просторот, основната намена за домувањето и сите содржини што го пратат, општествениот сектор, јавните функции, стопанството, зеленилото, спортот и рекреацијата, сообраќајот и другите инфраструктурни системи (Графички приказ 02). Биланските показатели во него содржат податоци за површините и намените, показатели за инфраструктурата и параметри за уредување на просторот на урбаните блокови согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање и уредување на просторот (Сл.весник бр. 51/2005).

Графичките прикази и биланските показатели го почитуваат и се изработени на основа Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот и проектирање на објекти (2/2002 И 50/2003). Со него се дадени параметрите за организацијата на просторот, односите помеѓу содржините, карактеристиките на поднебјето и традицијата и спецификите на културното и градителско наследство.

Изготвениот Генерален урбанистички план за градот Охрид е основа за изработка на плановите од пониско ниво - Детални урбанистички планови за Урбани заедници од УЗ 1 до УЗ 18, односно Урбаните блокови од УБ 1.1. до УБ 18.2. – вкупно 73. Тој ги определува границите на градската територија, Урбаните заедници и урбаните блокови главно по природните граници (брегот на езерото и водотеците), сообраќајниците и во некои случаи по границите на катастарските парцели. Условите за градба ќе ги определува надлежната служба при локалната самоуправа на општината врз основа на усвоениот ГУП, за изградба, доградба, надградба и реконструкција и изведување на други работи во рамките на урбаните блокови, со изработка на Детални урбанистички планови за урбаните блокови.

Генералниот урбанистички план, како план од пониско ниво усогласен е со Просторниот план на Р. Македонија.

2.2. Основни параметри за уредување на просторот

- Со **регулационата линија** се разграничува земјиштето на урбаниот модул за определена намена, односно подрачјето за градење (урбанистички парцели) од земјиштето наменето за општ интерес (јавни, сообраќајни и други површини).

- Со **градежната линија** се ограничува површината за градба на објекти во рамките на урбанистичка парцела и се назначува растојанието од регулационата линија (главна надворешна градежна линија), односно од границата на парцелата (помошни внатрешни градежни линии). Согласно Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот, дистанцата помеѓу градежните линии и работ на коловозот е во зависност од рангот на улицата и начинот на градбата, при што при урбаната обнова вредностите се значително помали:

  кај магистралните улици 20,00 м. (5,00 м)
  кај собирните улици 15,00 м. (3,00 м)
  кај сервисните улици 10,00 м. (3,00 м)

- Параметрите во однос на **процентот на изграденост,** како и на **коефициентот на искористување на земјиштето** се во рамките на предвидените со Правилникот, а посебни параметри за урбанистичките парцели ќе бидат предмет на поконкретни показатели на ниво на Детален урбанистички план или на ниво на Урбанистички проект, според архитектонско-урбанистичката концепција на решението.
- **Висините на објектите** наменети за домување да бидат примерени на големината на градот, на традицијата во градењето објекти при што се почитувале правата на секој објект на визура и инсолација (према Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот).
- Потребно е итно усогласување на постојните Детални урбанистички планови, односно изработка на нови за простори кои сеуште не се покриени со нив, со донесениот ГУП за градот. Особено внимание притоа да се посвети на зоните под строга заштита и контактните зони .
- **2.3. Параметри за уредување на просторот определен за домување**

- Во целото крајбрежје предвидени се потези домување со хотелиерство , со што се реализира една од насоките на Програмата за изработка на овој План ;
- Во зоните со доминантна содржина домување покрај улиците предвидени се потези - мешовито домување со комерцијални (терцијални) содржини ;
- Во зоните со доминантна содржина домување се предвидуваат комерцијални содржини, рекреативни содржини, како и сл.содржини што го пратат домувањето и се во склоп на урбанистичките парцели

или во посебни парцели, како самостојни објекти. При реализацијата на ГУП Охрид, односно при уредување на просторот и изработката на Деталните урбанистички планови, иако не се во обележаните зони под услов да се почитуваат мерките за заштита на окружувањето може да се предвидат наброените содржини.

2.4. Параметри за уредување на просторот определен за општествен стандард

- Сите содржини од областа на општествениот стандард програмирани се врз база на стандардите пропишани за секоја содржина поединечно. Зоните определени за овие содржини нужно е да се резервираат за наредните плански периоди доколку нивната реализација не е можна до крајот на овој плански период;

2.5. Параметри за уредување на просторот определен за стопанство

- Зони со терцијарни - комерцијални содржини предвидени се главно долж магистралните улици и во зоните со секундарни стопански содржини - во контактните зони долж улиците
- Во постојните зоните за секундарно стопанство интерполирани се зони за терцијално стопанство или мало стопанство. Нови зони за секундарно стопанство определени се во северниот дел на градот, при што се почитувани мерките за заштита на животната средина.

2.6. Параметри за уредување на просторот определен за спорт и рекреација

- во рамките на Спортскиот Центар да се предвидат и пропратни содржини со кои ќе се комплетира понудата: хотели, трговски и угостителски локали, локали за забава и други отворени и изградени површини во функција на основната намена;

2.7. Параметри за уредување на просторот определен за сообраќај и сообраќајна инфраструктура

- Сите нови улици од примарната градска мрежа да се реализираат согласно на профилите предвидени со овој План, а постојните при нивната реконструкција да се прилагодат на овие профили во максимално можна мерка. На тој начин ќе се обезбеди подолжно паркирање за голем број возила, но едновремено и можност за формирање дрвореди и велосипедски патеки предвидени во тротоарите на улиците;

2.8. Мерки за заштита на животна средина

- При оформување на содржините во рамките на локалитетот се применуваат соодветни **мерки за заштита на елементите на животната средина,** главно преку оформувањето на зелените површини, а поконкретно разработени на ниво на Детален урбанистички план или на ниво на Урбанистички проект.
- Горенаведените параметри укажуваат на дозволена изграденост во Урбаните блокови што овозможуваат уредување на просторот со

партерни елементи, урбана опрема, богати зелени површини, паркирање и друго.

- Со цел да се спречат **архитектонските бариери** при движење на инвалидизирани лица се предвидува пред секоја денивелација на тротоарите, пешачките патеки, партерите, како и влезовите во јавните и објектите за домување, да се постават рампи за движење на инвалидски колички и посебни возила.
- Настанатите општествено - политички и економски промени во периодот после 1990 година ја наметнаа потребата од измени во областа на **одбраната и засолнувањето.** Донесените законски и подзаконски акти со кои начелно се регулира проблематиката на засолништата во "Република Македонија се:

  -Законот за одбрана (Сл.весник на РМ бр. 8/93);

  -Уредбата за критериумите за засолнување на населението (Сл.весник на РМ бр. 81/92);

  -Правилникот за определување на висината на средствата потребни за изградба на засолништа и начинот и рокот на плаќањето односно враќањето на овие средства (посебен Сл.весник на РМ бр. 11/93);

  -Уредба за изменување на уредбата за критериумите за засолнување на населението (Сл.весник на РМ бр. 12/98), со која во уредбата од (Сл.весник на РМ бр. 81/92) во член 2 алинеа 1, ги дава критериумите за обезбедување со објекти за засолнување. За заштита од воени разурнувања ќе се применуваат мерки согласно претходно наведените закони и уредби.

По однос на **заштита од природни непогоди**, објектите треба да се изградат согласно важечките технички прописи од соодветните области.

По однос на **технолошките непогоди**, треба да бидат превземни сите мерки за заштита со изработката на проектите и примената на соодветната технологија.

- Согласно член 9 од **Законот за заштита од пожари** (Сл.весник на РМ бр. 43/86), во процесот на просторно и урбанистичко планирање и проектирање се води сметка за заштита од пожари, односно евентуалните човечки и материјални загуби да бидат што помали во случаи на појава на пожари. Согласно кон изнесеното предвидени се следните Плански мерки за заштита од пожар:

  Сообраќајното решение и начинот на кој треба да се предвиди изграба на објектите треба да овозможи пристап на противпожарно возило од повеќе страни.

  Сообраќајниците се со доволна ширина и со задоволувачки осовински притисок што овозможува непречено и брзо движење на противпожарни возила.
- Во Охрид се наоѓа противпожарна единица која е опремена со противпожарни возила и со обучени лица за дејствување во случај на пожар. Времето кое е потребно за пристигнување на противпожарното возило е најмногу 10 минути до секој објект во рамките на опфатот на градот.
- Со Планот за водоводна инфраструктура -дел од овој ГУП - предвидена е мрежа на надземни и подземни пожарни хидранти за снабдување на противпожарните возила со вода за гасење на пожар.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА ОХРИД

Сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште
Одделение за просторно и урбанистичко планирање, управување со градежно земјиште и недвижен имот на општината

Број: 19 – 16253/2 од 14.11.2018 год.

Измени и дополненија на Детален урбанистички план за 6-та урбана единица - Охрид

Одлука бр.08-2055 од 21.02.1990 год.

Објавена во Службен гласник на општина Охрид бр.2 од 27.03.1990 год.

ИЗВОД од ДУП за изработка на
Детален урбанистички план за УЗ 6, дел од УБ 6.1 – опфат 2, општина Охрид

СОДРЖИ:

1. **Графички дел:**
   - Заверена копија од графички прилог Намена на земјиштето и нанесена граница на плански опфат со:
     - легенда со значки на габарити на проектираната положба
     - карактеристични профили на сообраќајници
2. **Текстуален дел:**
   - Заверена копија од:
     - Одредби за примена на ДУП
       - Одредби за организација на станбената единица
       - Урбанистички услови

Изработил:
Помлад соработник,
Биљана Анѓелоска, диа

Контролирал:
Раководител на одделение,
Татјана Стојческа, диа

Одобрил:
Пом. раководител на сектор,
Бранко Арнаудовски, диа

ГРАДОНАЧАЛНИК,
д-р Јован Стојаноски

Собрание на Општина
Охрид
претседател:
21.02.1990 год.
Собрание на Општина
Охрид
претседател:
21.02.1990 год.
Собрание на Општина
Охрид
претседател:
21.02.1990 год.
РАНИЦИ НА
ЗА ЗОНА ОД ЦЕНТРАЛНО
РАДСКО ПОДРАЧЈЕ
Ул.Водици
Ул.Водици
Бр.79
Бр.76

ВМЕЊИ И АСГОАНЕЊ
ДЕТАЉИСТ УРБАНИСТ

ЗНАЊИ ЊА ГАБАРИТ
ОД ПРОЕКТИРАЊАТА
ПОЛОЖБА

НАГРАДА

НОВО ПРОЕКТИРАЊ
ГАБАРИТИ

ГАБАРИТИ ПО ОСНОВ
ТУРКАЊЕ

ПОСТОЕЧКИ ГАБАРИТ

ОХРИД 1990 ГОД

ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ДЕТАЛНИОТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

СООБРАЌАЈНИЦИ



УЛ. Ј. САНДАНСКИ



БУЛЕВАР НА РЕВОЛУЦИЈА



1. ГРАДСКИ РИНГ



7 МИ НОЕМВРИ

ОХРИД 1990 ГОД

О Д Р Е Д Б И

ЗА ПРИМЕНА НА ДЕТАЛНИОТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА VI-та УРБАНА ЕДИНИЦА

а/ ОДРЕДБИ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА СТАНБЕНАТА ЕДИНИЦА

1. Регулационите линии на сообраќајниците кои имаат третман на колекторски или артерски улици а тоа се Булеварот на Револуцијата, новопроектираната "7-ми Ноември", новопроектираниот I градски ринг и ул. "Јане Сандански" ги чинат границите на оваа урбана единица.
2. Во текстуалниот дел во посебен прилог ќе бидат појаснети нумерички квадратурите на урбаната единица, бројот на жителите, густината на населеност, школство, предшколство и други функции, а на посебен графички прилог ке бидат прикажани границите на урбаната единица.
3. Пратечки функции на урбаната единица се становање, школство, предшколство, трговија, занаетчиство, угостителство, локален центар, детски игралишта за 0-7 години др.
4. Бруто површина на урбаната единица преставува површината уокружена со границите, а истата е покриена со изградени архитектонски обекти од индивидуална и општествена градба како и обекти од ниска градба - улици, булевари и други пешачки сообраќајници односно со слободни површини, зеленила, градинки, детсии игралишта и на тоа слично.
5. Густината на становањето е дефинирана со потребите на граѓанството со егзистенција на тој простор.
6. Делот од урбаната единица содржи:
   - становање /обекти кои покриваат градежни површини - површини под згради/
   - дворови во приватен и општествен посед дефинирани со граници кои се во мерка на архитектонскиот обект
   - слободни површини наменети за спорт рекреација, детски игралишта и др.
7. Пратечки функции
   - површини кои ги пратат матичните обекти /станбени, трговски, школски/
   - површини кои ги пратат сообраќајниците зелени површини
   - површини уз школски простор и детски игралишта.

8. Сообраќај

- сообраќајници наменети за возила
- пешачки комуникации и тротоари
- гаражни површини, паркинзи

9. Пратечки содржини на становањето

- детски институции, детски градинки, детски игралишта
- општествена потреба од здравство, школство, апотека, пошта, банка, сервиси, трговија и угостителство
- универзален мини маркет
- цивилна заштита
- потреби од рекреација, одмор, спорт и разонода

6/ УРБАНИСТИЧКИ УСЛОВИ

10. Колективното становање е дефинирано со основниот план за градот и истото се протега вдолж сообраќајниците, освен комплексот станбени згради "Бетон" кој одат дијагонално на границите од урбаната единица и формираат латинско " " во однос на Булеварот на револуцијата.

11. Колективните станбени згради се со различна катна висина, но се движат во границите од П+4 до П+7 ката.

12. Обврска на Собранието на општината е да при издавањето на локациите за колективните станбени згради да издава и одобрение за реализација на слободните површини кои ќе бидат претходно хортикултурно решени.

13. Големината на индивидуалните парцели не е стрикно дефинирана но истите нема да се помали од 150 м2 а воглавно ќе зависат од големината на имотот.

14. Регулационата линија кај новоградбите се поклопува со границите на градежната линија на улица - тротоарот.

15. Градежната линија на индивдиуалните станбени згради е повлечена најмалку за 2 м1 од регулационата линија на улицата - тротоарот.

16. Изградените делови на станбената единица каде што е постојната ивична односно каде што се поклопуваат градежната и регулационата л иниј а новопроектираните објекти ке се градат ивично.

17. Во делот на градежната парцела кој е оддалечен од улицата ќе може да се предвиди од страна на стручните служби на Собранието на општината Охрид гаража од времен или траен карактер.

18. Висината на индивидуалните станбени згради да е в рамките на П+1 до П+2+П како не би се нарушила композицијата од графичките студии односно графич ите прилози.

19. Котата на подот од индивидуалните и колективните станбени згради да не биде пониска од котата на осовината на најблиската коловозна сообраќајница или да не биде пониско од 0, 45 м1 од теренот.
И во двата случаи висинската разлика помеѓу улицата и котата на подот на приземјето ке се совлада со скали и коси рампи.

20. Конструктивната висина на обектите да не биде по ала ни поголема од 2,00 м1, под до под.

21. Приземјата кои ке се користат за јавни намени - локали да не бидат пониски од 3,50 м1.

22. Можноста која ја нуди ова решение за доградби и надградби треба да се користи така да не се нарушува основниот конструктивен систем.

23. Конструктивната висина на колективните станбени згради во приземјето да биде кат или кат и половина /две нивои/ од страната на првата улица како би се добиле локали со галерии.

24. Во приземјето на колективните станбени згради да се проектира и изведе засолниште, а се ова да се регулира со посебен акт од страна на Собранието на општината - Охрид.

25. Слободните партерни површини околу колективните станбени згради не смеат да се користат за поставување на гаражи било монтажни било зидани.

26. Подземни колективни гаражи ке може да се изведат на овој простор заради високиот подземен водостој.

27. Обработката на дворните огради на индивидуалните станбени згради да бидат ревидирани од страна на стручните служби при Собранието на општината, истите треба да овозможуваат несметан визуелен преглед на самите агли од раскрсниците.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА ОХРИД

Сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште
Одделение за просторно и урбанистичко планирање, управување со градежно земјиште и недвижен имот на општината

Број: 19–16253/12 од 04.12.2018 год.

Локална урбанистичка планска документација за ГП 1, на КП 10902/1 нов број (13513/1 стар број), УЗ 6, УБ 6.1, КО Охрид 2 – општина Охрид

Одлука на Совет на општина Охрид бр.07-2152/51 од 20.09.2010 год.

ИЗВОД од постојна ЛУПД која се однесува на планскиот опфат за изработка на Детален урбанистички план за УЗ 6, дел од УБ 6.1 – опфат 2, општина Охрид

СОДРЖИ:

1. **Графички дел:**
   - Заверена копија од графички прилог Синтезен план со легенда, попречни профили, нумерички податоци и др.
2. **Текстуален дел:**
   - Заверена копија од Општи услови за изградба и Посебни услови за градба

Изработил:
Помлад соработник,
Биљана Анѓелоска, диа

Одобрил:
Пом. раководител на сектор,
Бранко Арнаудовски, диа

ГРАДОНАЧАЛНИК,
д-р Јован Стојаноски

Број на парцела	Површина на парцела	Површина на градба		Вис. на објект до венец	катност	Бруто разв. корис. повр.	К	Нам. на објекти	компат. намени	проц. комп. намен.	Бр.на потр. парк.м.
		$м^2$	%								
1	280	144	51	10.20	П+2+ПК.	576	2.06	А1	Б1,В1,В5,Д3	10%	*

* Број на паркинг места ќе се одредат според чл. 59 од Правилникот за стандарди и нормативи (со издавање на Решение за локациски услови)



профил 1 - 1

- станбена улица -
улица „Марко Нестороски„
улица „Богомилска„
- според ДУП



1		
т. и	проц. комп. намен.	Бр.на потр. парк.м.
35,дз	10%	*

редат според чл. 59
и нормативи
окациски услови)

ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

за ГП 1 на К.П. бр. 10902/1 нов број , (13513/1 стар број) во УЗ.6, УБ 6.1, К.О. Охрид 2 ОПШТИНА - ОХРИД



ЛЕГЕНДА:

- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ П = 280 м 2
- A1 — ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ - А1 - П=144 м 2
- E1 — УЛИЦИ ОД АСФАЛТ - Е1
- В — В — ПЛАНИРАН ВОДОВОД - Е1
- ФК — ФК — ПЛАНИРАНА ФК - Е1
- АК — АК — ПЛАНИРАНА АК - Е1
- ПЛАНИРАН ЕЛ. КАБЕЛ - Е1
- ПЛАНИРАН ТЕЛ. КАБЕЛ - Е1
- Р.Л. — РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА
- Г.Л. — ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
- Л.Г.П. — ЛИНИЈА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
- 1 — БРОЈ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
- 10902/1 — БРОЈ НА КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА

ЕЛС
ОПШТИНА ОХРИД
Согласно на Совет на Општина Охрид
07-2152/51 20.09.2010
Совет на Општина Охрид
Градоначалник

552 850

552 800

0 10 20 30 40 50

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

СИНТЕЗЕН ПЛАН

ТЕТОВО	РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА Друштво за урбанистички планови, инженеринг и др. **Д.О.О. ТЕПЛАН - Т Е Т О В О**	ДИРЕКТОР: **Мухарем Мухареми** дипл. г. инг.	
ИЗРАБОТУВАЧ:	**ТЕПЛАН - ДОО** - ТЕТОВО	ДАТА: Јуни 2010	
НАРАЧАТЕЛ НА ПЛАНОТ:	**ОПШТИНА ОХРИД**		
ПЛАН:	**ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ОПШТИНА - ОХРИД**	ФАЗА: **У**	
ПРИЛОГ:	**СИНТЕЗЕН ПЛАН**	РАЗМЕР: 1:500	ТЕХ. БР. 25/10
ПЛАНЕР: Слаѓана Крстеска дипл. инг. арх.	СОРАБОТНИК: Јагода Савеска арх. тех.	ИНФРАСТРУКТУРА: Мухарем Мухареми дипл. г. инг.	РАКОВОДИТЕЛ НА ПРОЕКТОТ: Слаѓана Крстеска дипл. инг. арх. Овластување бр. 0043	ПРИЛОГ: **бр. 06**

Друштво за просторни и урбанистички планови, инженеринг и др. ТЕПЛАН ДОО ТЕТОВО

552 750

484 950

За опфатот е предвидено да предложениов објект има еден телефонски приклучок со ADSL.
Вкупен број на предвидени телефонски приклучоци изнесува 1 .

7.Економско образложение

Со Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови, за деталните урбанистички планови се бара да се изработи економско образложение преку кое ќе се прикажат севкупните вложувања и нивните оправданости . Тоа значи дека треба да се појасни за трошоците за документација, расчистување на земјиштето , инфраструктура и уредување на јавните површини.

Секако дека покрај ова има и други понезначителни трошоци што учествуваат во билансот на вкупни трошоци за уредување на просторот но оние не се земаат во предвид со оваа анализа.

Секакво определување на трошоците за реализација на овој опфат, таканаречено економско образложение , е соочено и оптоварено со низа ограничувања и истите реално ќе произлезат од вредностите и слични пресметки во идејните и основните проекти , а се изложени на промени на цените , неможност да се утврдат одделни ставки на трошоци , непредвидливост наодделни трошоци , обемот на уредување на градежното земјиште , постојниот расчекор помеѓу потребите и можностите, недостиг на егзактни елементи за докажување на одредени предпоставки и слично.

Поради сето ова , оваа анализа треба да се земе апроксимативно и како ориентационо согледување која сосема условно може да се земе како планска одредба.

Реализацијата на објектите предвидени со овој план ќе се одвива според динамиката која ќе ја утврди инвеститорот на парцелата на која е предвидена градба.

8. Општи услови за изградба

- Регулационата линија го разграничува земјиштето на планскиот опфат и урбанистичките парцели од земјиштето наменето за општ интерес, јавни сообраќајни и други површини.

- Градежната линија ја одредува максималната површина за изградба на објектот. Градежната линија преставува пресек на вертикална рамнина од најистурениот дел на планираниот објект со рамнината на теренот освен стреата.

- Максималната висина за изградба е дефинирана од котата на влезот до завршниот венец на објектот, дадена во метри и исто така дефинирана во број на етажи.

- При одредување на максималната висина на слемето да се почитува член 46 од правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (сл.весник на Р.М. бр. 78/06 , 140/07, 12/09 и 93/09).

- Површината за градба е дефинирана со градежни линии дадени со планот во зависност од намената на објектот, како и параметрите дефинирани со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (сл.весник на Р.М. бр. 78/06 , 140/07, 12/09 и 93/09).

- Коефициентот на искористување и процентот на изграденост се дефинирани согласно чл. 52 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (сл.весник на Р.М. бр. 78/06 , 140/07, 12/09 и 93/09).

Друштво за просторни и урбанистички планови, инженеринг и АД. ТЕПЛАН ДОО ТЕТОВО

- Фасади

Покрај условите кои произлегуваат од дозволените граници за изградба, во компонирање на фасадите треба да се тежнее кон нивно максимално усогласување со соседните објекти со композициски линии на соседите, но сепак со максимално почитување на персоналноста на објектите и креативноста на архитектот. При изработка на прво и второстепена пластика во целост да се почитува чл. 36 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (сл.весник на Р.М. бр. 78/06 , 140/07, 12/09 и 93/09).

Посебно да се обрне внимание на употребата на соодветни материјали за фасадите, кои ќе ја респектираат и ќе се надоврзат на архитектурата на амбиентот.

- Партер

Во партерното уредување да се применува природен материјал и да се изработи ситуационо решение во состав на основниот проект .

- Огради

Максималната висина на оградата кон улица изнесува 1,40 м, и тие по изглед и материјал треба да се вклопат во амбиентот на просторот.

- Спречување на архитектонските бариери

При планирање на содржини и објекти, како и нивно сообраќајно поврзување во рамките на урбанистичките планови, мора да се проектираат и реализираат пристапи за користење на содржини од страна на инвалидизирани лица до сите објекти.

Пристапните рампи не смеат да бидат со нагиб поголем од 8 - 9 %.

- Урбана опрема

Градежната парцела треба да биде уредена со потребни урбани елементи кои го формираат урбаниот амбиент и ја презентираат урбаната култура.

Сопственикот на објектот, постојано треба да го одржува објектот и дворното место со обновување на фасадата на објектот и одржување на патеките, зеленилото, оградата и другите урбани елементи.

9.Посебни услови за градба

- Градба на објекти утврдени со планот

Условите за градба содржат општи и урбанистичко архитектонски услови кои се утврдени во плановите од членовите 7 и 11 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, и графичкиот прилог кој преставува извод од плановите за објектот што ќе се гради и земјиштето потребно за негова употреба како и условите и посебните прописи од други области.

Анализата на сите елементи дадени , во табеларниот приказ и во графичките прилози дадена е согласно со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање .

- Вид на планирана градба: станбена куќа
- Намена: домување
- Дозволена висина: Н мах.= 10,20 м.
- Катност: П+2+пк.
- Висина на кровна конструкција: Нмах.= 4,5 м.

ДОО за просторни и урбанистички планови, инженеринг и ад. ТЕПЛАН ДОО ТЕТОВО

- Режим на градење: определен со градежна линија(ГЛ).
- Кота на нулта плоча: мах. 1,2 м.
- Режим на градење над земја: до Г.Л.
- Тип на кров: кос
- Паркиралишта:

Паркирањето на возилата ке се одвива во сопствена парцела,
За определувањето на потребниот број на **паркинг места** според намената на градбите и нивната големина е применет член 57 и член 59 од правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (сл.весник на Р.М. бр. 78/06 , 140/07 и 12/09).
Обезбедениот број на паркинг места во рамките на парцелата , согласно основниот проект , ќе бидат основен услов за утврдување на габаритот на објектот, висината на објектот и другите услови потребни за градба предвидени со овој ЛУПД и согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање.
Бројот на паркинзи од нумеричките податоци е ориентационен и целосно ќе се дефинира при издавањето на Решение за локациски услови, а во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.78/06, 140/07 и 12/09).

Согласно член 40 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (сл.весник на Р.М. бр. 78/06 , 140/07, 12/09 и 93/09), каде растојанието помеѓу површината за градење и страната на градежната парцела е нула, не се дозволени никакви отвори на зидот на градбата на границата на градежната парцела. Кога растојанието е од 1,20 до 3,0м дозволени се само помошни отвори со парапет од најмалку 1,60метри, а на растојаниа поголеми од три метри се дозволени регуларни отвори на таа страна од градбата.

Доколку при реализација на планираната изградба дојде до откривање на објекти, односно предмети (целосно зачувани или фрагменти) од материјалната култура на Република Македонија, треба да се постапи во согласност со одредбите според член 65 од Законот за заштита на културното наследство (Сл. весник на РМ бр. 20/04 и 115/07).
Во постапката за добивање на Решение за локациски услови да се изработи Идеен проект , каде ќе бидат дефинирани сите елементи условени од оваа ЛУПД.

10. Нумерички дел

- **Билансни показатели-споредбен дел**

Документациона основа:

- плански опфат	280 м2	100%
- постоечки објект	66 м2	24%

Планска документација

- плански опфат	280 м2	100%
- планиран објект	144 м2	51%

- нумерички показатели
Во прилог, во табеларна форма, ги даваме сите нумерички показатели кои се однесуваат на предметната парцела :

Друштво за просторни и урбанистички планови, инженеринг и ДР. ТЕПЛАН ДОО ТЕТОВО



ЛЕГЕНДА :

ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ

ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УЗ 6, ДЕЛ ОД БЛОК 6.1- ОПФАТ 2

ОПШТИНА ОХРИД 2019-2024



M - 1 : 1000

0 5 10 20 30 50m

ИНСТИТУТ ЗА УРБАНИЗАМ, СООБРАЌАЈ И ЕКОЛОГИЈА

ИНВЕСТИТОР: **ОПШТИНА ОХРИД**

ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН
ЗА УЗ 6, ДЕЛ ОД БЛОК 6.1 - ОПФАТ 2

ПЛАНСКА ПРОГРАМА
АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА

УПРАВИТЕЛ:
БОРИСЛАВ ЈОСИФОВ д.и.а.

РАЗМЕР: P = 1 : 1000

Технички број: 106/2018
КОД:ЕС-2014 БЕ-СКОР ZA DEL LOG

ДАТА: СКОПЈЕ, Март 2019

ЛИСТ БРОЈ: 03